## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по 18-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владимир Ѓорчев, Силвана Бонева, Владо Бучковски, Фијат Цаноски и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 26 - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко, бидејќи координаторот на пратеничката група Цветанка Иванова вчера подетално зборуваше за, практично историјатот за носење на овој закон, кој, за жал, е видоизменет од она што е договорено на лидерските средби. Зборуваш и за немањето храброст на министерот за правда да се појави овде пред пратениците да го предложи ова решение за кое упорно тврдеше дека не може да се постигне. Како што истакна колешката Иванова други коалициони партнери беа во Владата, а сега се други коалициони партнери.

Јас, во подршка на она што го зборуваше колешката Иванова само уште еднаш да нагласам. Овој закон како што и многу закони или скоро сите закони што ги предлага Владата на ВМРО-ДПМНЕ има некоја конкретна и реална цел, а тоа е некое решение да се устоличи во обвинителството. Затоа, за прв пат во историјата, се случува за обвинител во една од структурите или во хиерархијата на обвинителството може да биде назначено лице кое нема искуство во обвинителството. Значи, досегашните решенија одеа во правец во услови или во досегашниот Закон за Јавно обивинителство…

(галама во салата)

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, дали може да го сослушаме колегата, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Значи, до сега во условите или член 44 од досегашниот Закон за Јавно обивинителство, условите за добивање на една позиција во хиерархијата одеа, покрај работното искуство, професионалното искуство поврзано со стаж или со искуство во рамките на обивинителството. Сега, тоа посебно го нагласи вчера колешката Иванова, може да ни се случи, не само што го намалуваме бројот на годините потребни за одредена позиција и тоа драстично ги намалуваме годините, со оглед на искуството што треба да го има еден обвинител, туку тој може да се појави од било каде. Може да ни се случи некој истакнат, условно кажано, правник по критериумите на доверливост кон премиерот Груевски одеднаш да стане јавен обвинител во организиран криминал кој ќе ги решава работите.

Ова законско решение ќе направи штета во системот во Република Македонија затоа што ќе биде политичко решение, тоа е јасно на сите. Само, што правиме после? Секој може да најде тригодишно искуство на правник кој не работел во обивинителство, кој ќе го направиме обвинител во еден основен дел или со шестгодишен правник без ден во обивинителството да може да решава случаи од организиран криминал. Мислам дека ова политичко решение само ќе го зголеми минусот кој од ден во ден се пишува на нашиот пат кон Европската унија.

Затоа, она што го кажа координаторот на пратеничката група Иванова, пратеничката група на СДСМ во овој момент без прифатени амандмани не може да даде подршка на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата на Република Македонија.

На самиот почеток сакам да истакнам дека овој закон кој во овој момент го гледаме во Собранието нема никаква врска со реформите во судството, нема никаква врска со образложението кое го содржи, туку напротив доаѓа како резултат на двегодишните дворски игри помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, како резултат на мајски договори, мартовски договори, долги и мачни преговори во Клубот на пратениците, натегања и договарања со една единствена цел не да направиме реформи во судството, туку да се реализираат односно задоволат одредени партиски апетити и да се реализираат решенија по партиска линија.

Зошто сметаме дека овој закон не е добар и не одговара на она што го содржи во образложението?

Имено, овој закон има една суштинска измена реализирана преку членот 1, а се однесува на членот 44 од постојниот закон каде во ставовите 3, 4, 5 и 6 се намалува потребното работно искуство како еден од критериумите за вршење на така значајни функции како што е јавен обвинител, потоа виш јавен обвинител, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство и јавен обвинител во Основното јавно

обивинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Значи, некој од колегите од парламентарното мнозинство истакна и сакаше да не убеди дека е од големо значење за вработување на млади кадри односно за унапредување во својата професија на младите луѓе.

ЛДП секогаш ќе се залага за професионалност, стручност и компетентност во обавување на било која јавна функција, во овој случај и овие значајни функции кои се третираат преку овој закон.

Заради подобро да ја запознаам македонската јавност ќе истакнам дека не се работи за никакво вработување на млади луѓе или унапредување во својата струка затоа што со измените во членот 44 став 3 алинеја 1 каде се намалува работното искуство на најмалку 8 години од досегашните 10 години се работи само за едно единствено лице односно јавен обвинител на Република Македонија. За кои млади луѓе говориме, за која група на луѓе зборуваме? Да биде уште појасно истото се однесува и за останатите членови се до измената во ставот 7 за која ЛДП смета дека е добра и навистина ќе ја постигне целта која ја има во образложението на законот.

За да го потврдам ова со аргументи ќе ви ги изнесам бројките. На сите ни е познато дека јавен обвинител на Република Македонија е еден и не може да стане збор дека тука ќе се придонело за вработување на млади кадри и нивно унапредување.

Во Јавното обвинителство на Република Македонија има 11 јавни обвинители, значи само 11 јавни обвинители во цела Република Македонија. Во однос на вишите јавни обивинителства имаме 26 јавни обвинители.

Што се однесува до јавниот обвинител кој ќе биде одговорен и ќе се грижи во Основното јавно обивинителство за гонење на организиран криминал и корупција исто така е еден. Ако говориме за некоја позначителна бројка можеме да се осврнеме само за бројот на јавни обвинители во основните јавни обивинителства кој изнесува 146. Токму заради ова што сега го читам реков дека навистина образложението врз кое се темели донесувањето на овој закон може да се однесува само на ставот 7 и мислам дека е добро и треба да се подржи.

Се надевам дека колегите пратеници од парламентарното мнозинство ќе бидат доследни барем на она што Владата односно министерот Маневски им го напишал во образложението и ќе дадат подршка на амандманите кои се доставени од колешката Цветанка Иванова.

За жал, со новиот Деловник не можеме да дадеме подршка на амандманите во текот на расправата, затоа јас сега ја давам мојата подршка на поднесените амандмани најверојатно во иднина за да го кажеме својот став и мислење по одреден амандман кој сметаме дека е добар оди во насока да го поправи законот и да биде прифатлив не само за пратениците од парламентарното мнозинство, туку да биде прифатлив за сите, пред се за фелата на која се однесува законот ќе мора сите пратеници кои не се согласуваат да поднесат амандмани кои, мора да признаете, дека во голема мерка ја усложнува процедурата одколку да ја поедноставува. Ова е една од забелешките на новиот Деловник која мора час поскоро да биде променета за да имаме поедноставна, а не посложена процедура.

Значи, на мислење сме дека работното искуство особено за најзначајната функција - јавен обвинител на Република Македонија може да има значителна улога во натамошното квалитетно, професионално, стручно и компетентно обавување на функцијата јавен обвинител.

Токму поради досега кажаното пратничката група на ЛДП, со оглед на тоа дека има забелешки на измените во членот 44 ставовите 3, 4, 5 и 6, а единствено ги подржува измените на ставот 7, сметаме дека навистина е добар ставот, нема да дадеме подршка на овој закон доколку не бидат усвоени некои од амандманите поднесени од пратеници од опозицијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија Благородна Дулиќ, Аднан Јашари и Илија Димовски.

Има реплика госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Се јавив за реплика на тројцата дискутанти, со оглед на нивните дискусии кои беа воедначени во смисла на тоа што се укажуваше дека предложените решенија во Законот за јавното обивинителство биле резултат на политички договор и дека тоа не било добро за напредок и решавање на проблемите во судството во Република Македонија.

На самиот почеток од 2006 година токму од страна на опозицијата се инсистираше на воспоставување дијалог помеѓу пратеничките групи и претставници на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ и кога отпочнаа тие договори и кога резултираа со добар резултат, тогаш се удри контра односно се укажува дека тоа не било добро затоа што бил постигнат договор односно компромис.

Прашувам, која е целта на договорите и разговорите помеѓу спротивставени пратенички групи и спротивставени ставови ако не да се дојде до едно решение кое ќе биде задоволнително и за договорните страни, а пред се за државата.

Укажувам дека пред распуштање на Парламентот се донесоа измени во Законот за судовите каде се усвоени идентични измени во однос на условите за раководните места во судовите за кандидати кои ќе се пријават за таква функција. Се поставува прашање дали треба да бидат построги критериумите во однос на јавните обвинители во однос на претседателите на судовите при положба крајната, финалната постапка по кривичните предмети е пред судовите и судовите се тие кои конечно се

произнесуваат дали постои вина или не по поднесените обвинителни акти и предлози.

Според тоа, кога веќе и опозицијата на тој закон му даде зелено светло и гласаа едногласно за измените во Законот за судовите, не гледам никаква логика за спротивставување во однос на идентичното решение во Законот за обивинителството каде обивинителството е само еден сегмент од судскиот систем на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

За жал, не можам на колешката Благородна Дулиќ да и одговорам во името на тројцата пратеници. На еден можам во мое име, но на двајцата претходни не, затоа што колку ја слушнав таа реплицираше на тројца пратеници, меѓутоа, ќе одговорам од мое име да, нашето мислење е дека во овој момент немаше потреба од несење на ваков закон дотолку повеќе што тој ги намалува критериумите, а ЛДП секогаш ќе се залага, како што реков, за професионалност, стручност и компетентност во обавувањето на било која јавна функција. Точно е тоа дека апсолутно немаше потреба од вакво намалување на критериумите, туку единствено е резултат на двегодишните дворски игри помеѓу двете партии кои сега ја составуваат владината коалиција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господиниот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе.

Искрено би сакал да ја разберам мојата почитувана колешка во врска со нејзините забелешки по однос на овој предложен закон, но не успеав да ја разберам до таа мерка што треба од причина што во неколку сегменти на самото нејзино излагање беше доста конфузна.

Ќе ми дозволи во кратки црти да нагласаме две три прашања за кои нема да се согласам со тоа што таа го нагласи во однос на овој Предлог закон.

Според компаративното право укажувате на нешто друго колешке. Ве поканувам да го прочитате Законот за јавно обивинителство на Хрватска или Словенија, бидејќи правниот систем во Република Македонија е близок со овие два системи. Доколку анализирате и направите споредби ќе дојдете до заклучок дека за назначување на еден јавен обвинител во овие две држави е многу пониско искуството отколку беше предвидено или кое сега се нуди со овој закон.

Второ, тоа што посебно сакам да го нагласам е тоа дека треба да ни биде јасно на сите дека обврска на ова Собрание или на овој Парламент е да направи се да обезбеди механизми за почитување на уставниот амандман во однос на правичната и соодветната застапеност на сите етнички заедници.

Со ова сакам да нагласам дека во образложението на предложениот закон јасно се нагласува од предлагачот, настојување е покрај тоа да обезбеди услови односно преку овој механизам да обезбеди предуслов за остварување на оваа уставна обврска за правична и соодветна застапеност во овој дел на државните органи.

Ова го велам од причина што сите знаеме дека состојбата со етничките немакедонски заедници во Република Македонија опфаќајќи ги и Албанците во јавните обвинителства е алармантна, или би рекол без никакво двоумење дека застапеноста е доста ниска. За информација на јавноста, но и за ваша информација сакам да кажам дека во Република Македонија вкупно има над 200 обвинители во сите обвинителства од кои само 9 се албанци. Причините мислам дека на сите ни се јасни. Затоа не е добро од ваша страна да го критикувате овој Предлог закон кога се има во предвид фактот, уште еднаш ќе повторам дека застапеноста на Албанците во овој орган да се постигне и преку тоа да се обезбеди тоа што го рекол претходно почитувањето на уставната обврска за правична и соодветна застапеност. Имам уште многу да кажам во оваа насока, но за да не ви одземам време, овде ке прекинам со мојата реплика.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Значи мене апсолутно ми беше јасно од самиот почеток за што се носи законот и тоа го кажав во мојата дискусија. Значи, за да се постигне соодветна застапеност на етничките заедници. Меѓутоа, почитуван колега, јас не сум против тоа да се реализираат обврските преземени од Рамковниот договор. Вие добро знаете дека Либерално демократската партија ги поддржуваше сите добри решенија. Меѓутоа, почитуван колега, не на сметка на квалитетот, не на сметка на стручноста и компетентноста. Се надевам и ДУИ нема да и служи на чест, ниту пак самата посакува на сметка на квалитетни кадри кои што можат професионално и стручно да ја обавуваат својата професија, да ги намалуваат критериумите само поради исполнување на условот на правична застапеност.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Еве втор ден дискутираме на тема Закон за јавно обвинителство, односно промените и измените во Законот. Јас би сакал неколку поенти да потенцирам. Прво, стекнатата состојба која што ја имаме во Јавното обвинителство, прво во извештаите на Европска унија на "Транспарентност" и на други меѓународни институции до пред година, две, како ризични и

критични точки за борбата против корупцијата во Република Македонија беа потенцирани токму институциите поврзани со Јавното обвинителство и судскиот систем во Република Македонија. За среќа, во последните две години направивме огромен пробив во реформата во судскиот систем и во борбата против корупцијата. Затоа Република Македонија се наоѓа на многу повисоко и подобро место на скалите за перцепција на корупцијата во Република Македонија. Ќе ја потсетам колешката Роза Топузова Каревска, дека во времето кога Либерално демократската партија беше на власт перцепцијата на корупцијата во Македонија беше на ниво на скалата под број 106, а сега сме многу, многу подоле. Тоа нормално продуцираше размисли и постапки во насока на реформа во судскиот систем во Република Македонија. Покрај тоа и сите анкети и целокупниот впечаток во јавноста кој што се однесува на работата на Јавното обвинителство во досегашниот период диктираа дека чувството на граѓаните дека Јавното обвинителство досега не си ја обавуваше својата функција, или ја обавуваше во спротивно на интересите на граѓаните на Република Македонија. Тоа е првата работа која што сакав да ја потенцирам.

Втората работа е во делот на нивното тврдење дека станува збор за политички договор. Јас ќе ве потсетам дека под притисок на опозицијата во претходниот мандатен период бевме доведени во ситуација во Република Македонија да се носат закони после одржување на оние лидерски средби, четворни лидерски средби. Законот за јавно обвинителство и Законот за судство долго време чекаше на донесување во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, благодарение на кочењето и блокадата од страна на опозиционите партии уште толку долго се чекаше донесувањето. Ќе ве потсетам дека, во Законот за судови вие изгласавте судиите да се бираат по овие критериуми кои што сега Владата ги предлага и за избор на јавни обвинители. Колешката Дулиќ ви објасни, сепак, во судскиот систем судиите се тие кои што го даваат последниот збор. Ако вие сте се согласиле судиите да се бираат по овие критериуми, тогаш навистина ни е нејасно која ви е политичката намера што се спротивставувате на оваа постапка на Владата. Очигледно станува збор за чисто политичко функционирање и желба да се критикува било што, што доаѓа од Владата на Република Македонија, а не врз база на детални анализи.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска**: Веројатно заборавате дека амандманите со кои што се отпочна реформата во судскиот систем точно ги донесе Владата на Либерално демократската партија и Социјалдемократскиот сојуз. Тогаш, вие бевте против реформата. Не гледам со што ќе се допринесе со овој закон во борбата против корупцијата. Апсолутно не ви се точни наводите. И кажавте дека направивте пробов во судскиот систем. Да, ве цитирам колега, точно направивте проби, но со целосна партизација на судството со избирање на судии исклучиво по партиска линија и блиски роднински врски. Имено, за тоа не би сакала сега да ги посочувам и имињата. Тоа се вашите реформи со судството. Овој закон не носи, ама баш ништо не допринесува во борбата со корупцијата и организираниот криминал. И вие, а не јас говорите само заради говорење и една иста реченица која што сакате кажана повеќе пати, да стане вистина. Но, македонската јавност знае да ја цени вистината.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека господинот Емилијан Станковиќ не е присутен во салата, го губи правото за збор по претресот.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

И на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за јавото обвинителство.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеника, од нив за предложениот заклучок гласаа 62 пратеника, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници од нив за предлогот гласаа 64 пратеници, воздржани нема, против гласаа 14 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Марјанчо Николов, Емилилјан Станковиќ и Игор Ивановски поднесоа амандман на член 1 за менување на став 1 и за бришење на ставовите 2 и 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 1 и за бришење на ставовите 2 и 4 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Марјанчо Николов, Емилилјан Станковиќ и Игор Ивановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда.

**Ибрахим Ибрахими:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

За збор се јави предлагачот на амандманот госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Жалам што претставникот на предлагачот иако ја ислуша мојата аргументација вчера во општиот претрес по Предлогот за измени на Законот за Јавно обвинителство, не се одлучи да го прифати овој амандман. И тогаш и вчера кажавме дека доколку бидат прифатени овие амандмани, пратеничката група на СДСМ ќе гласа за донесување на овој закон. Меѓутоа, еве, не е оценета правилно нашата аргументација. Со овој амандман практично бараме да се вратат старите услови кои што важеа во основното решение од Законот за јавно обвинителство за избор на јавен обвинител на Република Македонија и тоа да потсетам се следните: да има работно искуство најмалку 10 години стаж како јавен обвинител или судија со потврдени резултати во работата, или 12 години работно искуство со потврдени резултати на правни работи по положен правосуден испит, или редовен, или вонреден универзитетски професор кој предавал повеќе од 10 години правен преглед од правосудната практика. Сега, се намалуваат критериумите за избор, со тоа што сега се бара за јавен обвинител на Република Македонија да може да биде именувано лице кое што има само работно искуство од 8 години со потврдени резултати на правните работи. Значи, веќе отпаѓа условот работно искуство како обвинител, или судија. И остануваат следните услови, или 10 години предавање на предмет по правосудна практика. Сметаме дека ваквата измена не соодветствува на причините заради кои што се пристапило кон измена на овој закон. Имено, главниот аргумент со кој што оди Владата и со кој што како предлагач и со кој што бара измени на овој закон е млади и стручни кадри во обвинителството и секако почитување, односно да се зголеми бројот на застапеност на припадници на заедниците во Јавнообвинителската институција. Сметаме дека еден, мислам еден е јавен обвинител на Република Македонија. Сметаме дека може да се најде лице, едно лице во Република Македонија, па и од припадниците на заедниците кое што може да ги исполнува овие услови. Сметаме дека старите услови кои што се предвидени со законот се поадекватни на тежината и одговорноста која што ја има јавниот обвинител согласно уставните и законските надлежности. И затоа баравме да се врати старото решение. Очигледно е дека политичкиот договор помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ функционира, очигледно е дека она што не можеше ВМРО ДПМНЕ да се договори со ДУИ кога ДУИ беше во опозиција, сега веќе како коалиционери партнери пали. Значи, веќе се реализира и очигледно е уште еднаш дека политичкиот договор ги крши и уставните и законските рамки се со една цел она што е волја на владеачкото мнозинство да стане законска норма, а без притоа да се води сметка за нивото кое што треба да го има една институција која што е со Устав предвидена да гони сторители на криминал.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави Ермира Мехмети.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам господине претседателе.

Кратко. Ми пречи лично инсистирањето на парламентарните групи од опозицијата кои перманентно ја злоупотребуваат улогата на ДУИ и со инсистирање во секое нивно јавување да го повикуваат името на нашата политичка партија. За волја на вистината треба да објаснам дека во државите каква што е Македонија, но и во секоја друга држава политичките договори меѓу политичките субјекти се дел од политичкиот процес и тие помагаат, или го забрзуваат воведувањето на политичкиот процес напред. Така што не гледам дека е оправдано перманентно да се злоупотребува тоа.

И во однос на забелешките во врска со текстот на Предлог законот, би ја прашал почитуваната колешка ако може да ни даде пример од меѓународното искуство од нашите соседни држави, нормално како правник, каде се толку остри критериумите за избор на јавни обвинители? И зошто е оваа ригидност и отпор кон инсистирањето за да се намали критериумот, работното искуство. Длабоко сум убедена дека инсистирањето за да се зголемат годините за избор на јавните обвинители, значи зголемувањето на критериумите не е чисто за да се обезбеди квалитет. На крајот на краиштата, судството, нашиот судски систем, обвинителството, сите органи, или други инстанци кои се занимаваат со правдата, или со судството, перманентно од сите релевантни меѓународни институции секогаш се нагласени како институции во кои цвета корупцијата и организираниот криминал. И овие институции имаат потреба за еден нов дух и еден нов дух може да се донесе само овозможувајќи новите генерации, би рекла незагадени и недамкосани од таа стара генерација која го држи монополот во судството, значи, само со дозволата да влезе една нова генерација, можеме да очекуваме квалитетни измени во однос на борбата против организираниот криминал и толку потребните реформи во судскиот систем.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Значи, зошто толку го потенцирам ова? Не заради мојата ригидност, туку за да и докажам на јавноста дека ова е политички договор меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Го докажав со документи, со амандмани поднесени од 27 декември кога се донесуваше овој закон. Истите амандмани кога ДУИ беше во опозиција беа поднесени, не беа прифатени од сегашното и тогашното владеачко мнозинство ВМРО ДПМНЕ.

Колешката Ермира, ако смета дека сите стари генерации се дамкосани, што јас не го делам тоа

мислење, значи треба да ги исчисти своите редови од сите стари, или повозрасни луѓе во нејзината пратеничка група и во партијата. Јас не мислам дека сите стари се дамкосани. Не сум против младоста, младоста е и енергија и ентузијазам, но секако не може без искуството. И зошто инсистирам на вакви услови? Затоа што кколешке Ермира, јас знам што треба да исполнува и какви услови за да еден човек биде јавен обвинител, затоа што јас знам што значи обвинителската функција.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник, од нив за амандманот гласаа 17 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласлаа 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за менување на став 1 и за бришење на ставовите 2 и 4, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Марјанчо Николов, Емилилјан Станковиќ и Игор Ивановски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 30 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме во 12,30 часот.

Ги молам координаторите на пратеничките групи, да се обезбеди двотретинско мнозинство за да може да се стави на гласање.

Продолжуваме со работа во 12,30 часот.

(Пауза од 12,00 до 12,48 часот)

Продолжуваме со работа.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Вкупно гласале 90 пратеници. Од нив за гласале 78, воздржано 9, против гласаа 3 пратеници.

Процедурално има збор госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Во име на пратеничката група барам поединечно гласање заради тоа што имаше дел од пратениците кои ги притиснаа копчињата, меѓутоа, не беа регистрирани.

**Трајко Вељаноски:** Добро, имате поддршка од 10 пратеници?

(Повеќе пратеници креваат рака)

Молам, замeникот секретар да помине на поединечно гласање и ги молам службите да ги затворат вратите.

**Вјекослав Анѓеловски:**

1. АВИРОВИЌ ВЛАДАНКА - за
2. АДЕМИ ЏЕВА - за
3. АЛИТИ РАФИ - за
4. АЛИУ ИМЕР -(отсутен)
5. АМЕТИ ВУЛ - за
6. АНАСТАСОВА СТАНКА - воздржана
7. АНДОВ СТОЈАН- воздржан
8. АНДОНОВ МИЛЕ - не е тука
9. АНДОНОВСКА МАРИЈА - за
10. АРИФИ ТЕУТА - за
11. АХМЕТИ АЛИ - за
12. БАЈРАМ АМДИ -за
13. БЕНДЕВСКА ВЕСНА - излезе
14. БЕЏЕТИ БЛЕРИМ - за
15. БОНЕВА СИЛВАНА- за
16. БУЧКОВСКИ ВЛАДО- не е тука
17. ВЕЛИУ ФАЗЛИ- за
18. ВЕЉАНОСКИ ТРАЈКО- за
19. ГЕОРГИЕВСКИ ИВИЦА- за
20. ГИНЕВ ЈОВАН- за
21. ГРКОВСКА-ЛОШКОВА СЛАВИЦА-воздржана
22. ГРОЗДАНОВ ЦВЕТКО- за
23. ДАМЕСКИ ПАНЧЕ- за
24.ДАНЕВСКИ ТОМЕ- за
25. ДЕРКОСКИ ОЛИВЕР- за
26. ДИМЕСКА КАТЕРИНА-за
27. ДИМИТРИЕСКИ ДАРКО-за
28. ДИМИТРОВСКИ РАТКО-за
29. ДИМОВСКИ ИЛИЈА-за
30. ДИНЕВСКИ МЕНДЕ-воздржан
31. ДОГАНИ БЕСИМ-не е тука
32. ДУЛИЌ БЛАГОРОДНА-за
33. ЃЕЛОВА-СТОЈАНОВА СОЊА-за
34. ЃОРЃИЕВСКИ ВЕЛЕ-за
35. ЃОРЧЕВ ВЛАДИМИР-отсутен
36. ЃУРОВСКИ ГОРАН-за
37. ЖЕРНОВСКИ АНДРЕЈ-не е во сала
38. ЗАТУРОСКА ЛИЛЈАНА-за
39. ЗУМБЕРИ АБЕДИН - отсутен
40. ИВАНОВ ЉУБИСАВ-ЅИНГО -за
41. ИВАНОВА ЦВЕТАНКА-не е во сала
42. ИВАНОВСКА ЈАГОТКА- за
43. ИВАНОВСКИ ИГОР-не е тука

44. ИЛЈАЗИ САДИЈЕ-(отсутен)
45. ЈАКИМОВСКА СВЕТЛАНА-за
46. ЈАКУПИ ЗУМРЕТЕ-за
47. ЈАНЕВСКА НАТАША-за
48. ЈАШАРИ АДНАН - за
49. АШАРИ ЏЕМАИЉ - за
50. ЈОНУЗИ ФЕМИ - за
51. КАДРИ ФЉОРА - не е тука
52. КИПАРИЗОВСКА-КРСТЕСКА -АНИТА - за
53. КИТАНОСКИ ИЛИЈА - за
54. КОЛЕВСКИ МАРЈАНЧО - за
55. КОТЕВСКИ НИКОЛА - за
56. КОЦЕВ ВАНЧО - за
57. КРСТЕВСКИ СТОЈЧЕ-за
58. ЛАЗАРЕВ ЈОВАН - за
59. МАКРАДУЛИ ЈАНИ-воздржан
60. МАНАСИЈЕВСКИ ЈОВАН-не е тука
61. МАРКУ ЈУЛИЈЕТА-(отсутна)
62. МАТЕВСКА ЦЕНА - за
63. МЕХМЕТИ ЕРМИРА - за
64. МИНЧЕВ ГОРАН- не е тука
65. МИСИНИ ХАЈРУЛА - за
66. МИРАКОВСКА СОЊА-не е тука
67. МИСОВСКИ ГОРАН-не е тука
68.МИТЕВА ЛИДИЈА - за
69. МУКОСКИ КРСТО -за
70. НЕЗИРИ САФЕТ - за
71.НИКОЛИЌ-МАЗНЕВА КОСАНА-за
72. НИКОЛОВ МАРЈАНЧО-воздржан
73.НИКОЛОСКИ АЛЕКСАНДАР-за
74.ОРОВЧАНЕЦ ЃОРЃИ- против
75. ПАЧЕМСКИ МИЛЕ - за
76.ПЕЈКОВСКИ ЖИВКО - за
77.ПЕНОВ РИСТО - не е тука
78. ПЕПИЌ АВДИЈА - за
79. ПЕТКОВСКИ ТИТО-не е тука
80. ПЕТРЕСКИ ЗОРАН - за
81. ПЕТРОВ АНДРЕЈ-воздржан
82. ПЕТРОВ ГОРАН - за
83. ПЕТРУШЕВСКА ДАРКА - за
84. ПОП АРСОВ ПЕТАР - за
85. ПОПОВСКА ЛИЛЈАНА - за
86. РЕЏЕПИ ДАУТ-(отсутен)
87. РУНЧЕВА ХРИСТИНА -за
88. РУШИТИ СУЛЕЈМАН-(отсутен)
89. САВЕВСКИ САВЕ-за
90. СЕЉМАНИ ИМЕР-(отсутен)
91.СПАСЕНОВСКИ АЛЕКСАНДАР-за
92.СТАНКОВИЌ ЕМИЛИЈАН-не е тука
93.СТАНЧЕВСКА НАДА - за
94.СТЕФАНОСКИ ВЛАДО-за
95. СТЕФАНОВСКА АНЕТА-за
96. СТОИЛКОВИЌ ИВАН-за
97. СТОЈАНОВ РИСТО-за
98. СТОЈМЕНОВ БОРИСЛАВ-за
99. СУГАРЕСКИ ГОРАН-воздржан
100.ТАНЧЕВА-ТУЛИЕВА НАДИЦА-за
101.ТАЧИ МЕНДУХ-(отсутен)
102.ТАШЕВА ВИОЛЕТА-за
103.ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА РОЗА-против
104.ТРАЈАНОВ ПАВЛЕ-за
105.ТРАЈАНОВСКА ОЛИВЕРА-за
106.ТРИПУНОВСКИ ЦВЕТАН-за
107.ТУШЕВА МАРИНЕЛА-воздржана
108. ЌУРКЧИЕВ НИКОЛА-воздржан
109.УЗЕИРИ-ФЕРАТИ МЕРАЉ-(отсутен)
110. ХАСИПИ КЕНАН-за
111. ХАНИ ТАХИР-за
112. ЦАНОСКИ ФИЈАТ-за
113. ЧЕСТОЕВА ВЕСЕЛА-за
114. ЧИНГОВСКИ ТОМЕ
115. ЏАФЕРИ АРБЕН-(отсутен)
116. ЏАФЕРИ ТАЛАТ-за
117.ЏЕМАИЛИ ХИСЕН-за
118.ШАМБЕВСКИ ОЛИВЕР-за
119.ШЕКЕРИНСКА РАДМИЛА-ја нема
120. ШУТАРОВ ВАСКО-за

(По пребројувањето на гласовите)

**Трајко Вељаноски:** Согласно поединечното гласање, вкупно гласаа 92 пратеника. Од нив за Предлогот на законот гласаа 80 пратеници, од гласањето се воздржаа 10 пратеници и против гласаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за Јавното обвинителство.

**Минуваме на точката 25 - Предлог за донесување на закон за јавна чистота, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесувањер на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија: министерот за транспорт и врски, Зумрете Јакупи, Никола Ќуркчиев, Менде Диневски, Феми Јонузи, Горан Сугаревски, Катерина Димевска, Андреј Петров, Јани Макрадули, Марјанчо Николов, Лилјана Поповска, Александар Николовски, Ратко Димитровски, Томе Даневски, Роза Топузова Каревска и Амди Бајрам. Тоа е бројот на пријавени пратеници за збор.

Ги молам службите да дадат преглед на пријавени пратеници.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Миле Јанакиески, повелете.

**Миле Јанакиески:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници,

Во насока на доближување на Република Македонија до светските стандарди, но исто така и на позитивната европска пракса, како и позитивните исксутва од Сингапур кои се однесуваат на работата на јавните комунални претпријатија и одржување на јавната чистото, Владата на Република Македонија денес го предлага законот за јавна чистота.

Овој закон содржи решенија преку кои јасно се поделени надлежностите меѓу институциите и субјектите кои се задолжени за одржување на јавната чистота, како и на јавните површини, отворени површини на јавните објекти, така и меѓу субјектите кои ќе вршат контрола во поглед на спроведување на овој закон.

Имајки ја потребата и определбата за обезбедување здрава и чиста средина и значењето на јавната чистота на јавните површини како еден од условите за нејзино обезбедување, со одредбите на законот се предвидени решенија со кои се пропишува дека работите на одржување на јавната чистота, собирањето на смет и чистењето на снегот во зимските услови како дејности од јавен интерес се од локално значење и се во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Како дејност од јавен интерес завршувањето на работите за одржување на јавната чистота на јавните површини, согласно одредбите од Предлогот на законот, се во надлежност на општините односно градот Скопје. За одржување на јавната чистота на отворените простории на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните станбени објекти, согласно одредбите од Предлогот на законот, пропишано е да се грижат за јавната чистота и одржување сопствениците односно корисниците на тие објекти.

Една од новините која се предлага во законот е воведување на нов институт “комунални редари”, како лица вработени во општините односно градот Скопје, кои ќе се грижат за почитување на одредбите од Одлуката за комунален ред. Согласно одредбите од овој закон предвидено е тоа да бидат лица со најмалку средна стручна спрема и да имаат овластување да изрекуваат глоби на самото место на прекршоци предвидени со законот. Ваквото решение ќе овозможи да се обезбеди почиста средина, посебно во урбаните средини, што е случај и во други земји од нашето опкружување.

Со одребите на овој закон исто така се пропишани и обврски на сопствениците, односно лицата кои управуваат со јавни објекти кои се должни да ги превземат заради обезбедување на јавната чистота во внатрешноста на тие јавни објекти или нивните ходници. За превземање на пропишаните обврски со закон и обезбедување на потребните средства за одржување на јавната чистота во тие простории со одредбите од законот пропишани се соодветни глоби за правните односно физичките лица кои не се придржуваат на одредбите на овој закон.

Јас ќе цитирам само дел од одредбите кои претставуваат прекршување на овој закон односно се забрануваат.

Фрлање и оставање на хартија, отпушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци, освен на местата определени за таа намена.

Ќе биде казниво доколку стари предмети од домаќинство и смет на вршење дејност покрај садови за собирање на смет, освен на местата определени за таа намена.

Ќе биде забранетo палење, закопување и уништувањена смет, испуштање на отпадни води и други течности од дворни места. Истурање или испуштање на течности во садови за отпад на улици во канали, во реки и езера. Сечење, складирање и цепење на дрва и јаглен на јавни површини.

Ќе биде исто така казниво паркирање на возила на растојание до 10 метри од контејнер и на други садови за собирање на смет. Оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки на јавни површини.

Продажба и излагање на земјоделски производи на јавни површини. Поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи.

Во членовите 14 и 15 детално ви се наведени сите одредби кои ќе бидат казниви со овој закон.

Што се казните?

За правните лица кои ќе ги прекршат одредбите од овој закон ќе бидат казнети во износ на глоба од 2 до 3000 евра во денарска противвредност. Додека пак одговорното лице во тој правен субјективитет ќе биде казнето со 500 до 1000 евра.

Физичките лица кои ќе ги прекршат овие одредби од Законот за јавна чистота ќе треба да платат глоба во износ од 50 евра. Значи, 50 евра е мандатната казна.

Доколку во рок од 8 дена физичКото лице кое направило прекршок не ја плати казната, после 8 дена таа казна ќе биде три пати повисока. Кога ќе оди на суд физичкото лице ќе започне со казна од 150 евра.

Исто така, има предвидено и санкции за оние кое ќе постапат спротивно на овој закон пред отворено простории на јавните објекти.

Исто така, со овој закон се пропишува организаторите на јавните манифестации, културни, спортски и други манифестации, митинзи и други прослави се должни по завршување на собирот да го соберат сметот направен од учесниците на манифестациајта, односно местото на собирот да го остават онака како што бил пред одржување на самиот собир. Доколку не го направат тоа, организаторите на собирот ќе бидат казнети од 2 до 3000 евра.

При посета на излетничките места, ова е една од причините за пожарите во Република Македонија, посетителите се должни при заминување од излетничките места да го соберат целокупниот смет и да го остават на определено место предвидено за таа намена. Во спротивно е предвидена глоба од 50 евра за секое физичко лице што ќе го остави отпадот на место кое што е излетничко место.

Надзорот на спроведување на овој закон е предвидено да го вршат општинските комунални инспектори, но исто така и Државниот комунален инспектор кој работи во рамките на Министерството за транспорт и врски.

При вршење на инспекцискиот надзор, општинскиот комунален инспектор за утврдените неправилности составува записник и донесува решение со определен рок за отстранување на неправилностите.

Согласно Законот за јавна чистота веќе напомнав дека е предвидено на физичките лица да им биде изречено глоба од 50 евра во денарска противвредност, да се фрлаат отпадоци, отпушоци и мастики.

Ново нешто што се воведува со овој закон им се дава овластување на униформираните полициски лица да можат и тие да санкционираат. Значи, со предлогот на овој закон се воведува нов институт, тоа е комуналниот редар кој ќе функционира во рамките на локалната самоуправа, но исто така им се дава овластувања на униформираните полициски лица кои ќе можат да санкционираат на лице место.

Како Влада планираме интензивни подготовки за имплементација на овој закон, но исто така информирање на јавноста што се санкциите на овој закон.

Што друго предвидува овој закон?

За физичките лица кои ќе ги прекршат одредбите од законот, надлежните органи односно општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на град Скопје или пак како што претходно што напоменав униформираниот полициски службеник и комуналниот редар составуваат записник во кој се забележуваат сите битни елементи на прекршокот. Времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на лице место. Во записникот се утврдува и начинот на кои ќе се отстранат штетните последици од прекршокот.

Она што е многу битно во овој закон е предвидено на сторителот да му се предложи на минување на последиците. Може да му се предложи за сумата од 50 евра да врши јавна работа односно општо корисна работа. Оној што ќе направи прекршок и не сака да ги плати тие 50 евра или е свесен за прекршокот што го направил, согласно овој закон може да одработи 24 часа или три работни денови општо корисна работа. Општо корисна работа ќе биде предвидена со подзаконски акт од Министерството за транспорт и врски и Програмата односно Одлуката што ќе ја донесе Советот на општините или Советот на градот Скопје.

Овој Предлог на закон е одобрен од страна на Владата на Република Македонија и се надевам дека сите пратеници ќе дадат подршка бидејќи овој закон ќе значи придвижување на Република Македонија кон европските трендови, дека Република Македонија полека но сигурно ќе стане една од најчистите држави во регионот и за тоа очекувам подршка од сите пратеници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Не е толку реплика, колку можеби недоразбирање или пак појаснување од страна на министерот кој го поздравувам и му посакувам добра соработка во иднина во овој парламентарен состав, бидејќи ова е прв закон кој што имаме прилика заеднички да дебатираме. Во претходниот состав немавме таква можност.

Почитуван министер, мислам дека ќе биде згодно доколку на колегите пратеници им се дообјаснат неколку работи кои што во законот не се опфатени или не онака како што сметам дека треба да бидат, а како што и сами спомнавте заштитата на животната средина е еден од поважните а можеби и најважните сегменти во денешницава и битен предуслов за еден социо економски би рекол развој на држават и од овој аспект според мене лично можеби потреба од донесување на регулатива во доменот на јавната чистота и не е толку многу спорен.

Меѓутоа би сакал да знам колку метри јавно прометна површина има во главниот град на Република Македонија Скопје? Дали може тоа да ми се каже?

Второ, бидејќи со овој закон се воведува една голема нова давачка за сите граѓани во Република Македонија, колку и дали ќе има привилегирани субјекти во Република Македонија кои што нема да плаќаат надоместок.

Следна работа која што мислам дека е згодно да ја знаат пратениците пред да се одлучат како ќе гласаат за овој закон дали ќе им се даде преоден рок на граѓаните и на оние стопанственици кои се

бават со дејности кои што веќе се забрануваат со овој закон. Да речеме, јасно е дека со овој закон повеќе не смееме да ги миеме нашите автомобили во нашите дворови. Или тоа задоволство ќе не чини 50 евра, без разлика што нашиот двор е наш и сме сопственици на тоа, меѓутоа знаеме дека во Република Македонија има голем број на стопанственици кои се бават со миење на автомобили, а гледаме дека со законот кој што стапува на сила по објавувањето, ќе мора тие да бидат затворени.

И, уште една работа, дали униформираните службени лица полицајсите ќе имаат дополнителна обука каде се ќеможе да проверуваат дали се применува овој закон и дали законот ќе важи за сите возраст до 7 години или над 77 години. Мислам дека се ова се битни елементи за тоа како ќе се определат пратениците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контрареплика се јави министерот за транспорт и врски, повелете.

**Миле Јанакиески:** Ова е на некој начин краток одговор на господинот Ќуркчиев. Значи, јавните површини во градот Скопје треба да се обрати до надлежната институција и односно градот Скопје. Навистина не гледам нова јавна давачка каде има, па еве еден конктретен пример. Во моментов граѓаните на градот Скопје преку плаќањето на комуналната такса 30% е и за одржување на зелената површнина на градот Скопје. така што сега само треба да знаат граѓаните точно на кого плашаат и за која намена.

За тоа каде смее да се перат коли, не би смеело господине Ќуркчиев да пере пред Собранието, пред Владата на Република Македонија, значи пред јавните институции и на јавните површини. Се она што е јавна површина и јавни институции е забрането, се она што е ставено во овој закон е забрането. Инаку Министерство за внатрешни работи се организира за овој закон бидејќи ивиј закон е поминат во Владата на Република Македонија пред скоро двас месеци, а инаку прекршоците важат за сите согласно законот за прекршоци, кој Собранието го донесе претходно. Значи за малолетните лица има предвидено други типови на санкции, а за оние што се полнолетни други.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Согласно член 89 од Деловникот дел од излагањето на министерот Јанакиески предизвика недоразбирање, но имам и една процедурална забелешка во однос на процедуралниот аспект на содржината на предлогот на законот, бидејќи според мене дали гледате по стариот, по новиот, по вашиот Деловник, вашиот кога велам мислам на парламентарното мнозинство, повеќе од очигледно е дека фалат оцени за финансиските последици од овој закон. Фали процена на финансиските средства за спроведување на овој закон и за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјално обврски за одделни субјекти.

Прво, според мене овој закон повлекува материјално обрски за многу субјекти, бидејќи тоа го пишува во законот.

Второ, повлекува финансиски обврски како нова давачка сакале тоа да го признаеме или не, тоа го кажа и госпдинот Ќуркчиев во членот 10 од законот. Самиот министер, кој што како што кажа господинот Ќуркчиев, конечно после сите закони од овие две и пол години собра храброст баш да дојде за јавната чистота, веројатно има некоја своја причина за тоа, дали престојувал во Сингапур подолго време, бидејќи тука се алоцира изворот на законот, на знам за тоа, самиот министер на прес конференција вели: “Не можам да кажам дали ќе има зголемувања на оваа сума, бидејќи општините ќе треба да кажат дали ќе има потреба од дополнителни средства”. Значи, Владата предлага закон кој што не е во нејзина надлежност, треба да го спроведува некој друг за кој што требаат финансиски средства, па макар тоа биле и машините за сушење раце што мора да ги имаат сите институции во државата и очигледно ќе повлече финансиски средства. Или Владата знаела па си набавила пред, не знам Собранието дали знаело и дали сега Собранието ќе треба да се оптовари дополнително за машините за сушење на раце или за луѓето што ќе на пратат кога одиме дали ќе пуштиме вода или не, бидејќи така пишува во законот.

Затоа ова предизвика недоразбирање од два аспекти. Очигледмо е дека фалат пари, се задожуваат субјектите да отвораат јавни тоалети, да отвораат редари, што ќе предизвика финансиски средства кај субјектите и тоа е очигледно. Согласно Деловникот ве молам претседателе да го вратите ова и да се достави финансиска проекција за ова. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Јакупи Зумрете, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани присутни министри.

Добро е да се донесе еден ваков закон од причина што претходниот закон, Законот за јавна чистота и собирањето и пренесувањето било општински или технолошки смет, закон кој е донесен од 1998 година веќе не ги исполнува условите и потребите на оваа инфраструктура. Тоа е од причина што на сите ни е јасно со издигнувањето на развојот на инфраструктурата и со децентрализацијата на локалната самоуправа е изменета и структурата , така што и реораганизацијата се наметнува потребата за еден ваков закон. Уште одамна овој закон не ги исполнуваше потребите и поради оваа причина го имаме овој метеж и хаос во јавната чистота, како во јавните институции , така и во отворени и јавни површини. Токму поради ова беше добро да се донесе ваков закон, освен другото со

освестувањето  на народот преку летоци и разни брошури видовме дека немаше голем ефект и е добро што  преку казни да видат граѓаните кога ќе засегне во нивните џепови можеби ќе се уреди оваа хаотична состојба која што постои во нашава земја од аспект на јавна чистота.

Со овој закон се овозможува, како и во многу други земји од Европа, затоа што и нашата иницијатива е да бидеме рамноправни и еднакви со другите европски земји. Исто така во оваа насока се овозможува да имаме една поздрава животна средина, имајќи ја предвид изреката Чистотата е половина здравје. Токму поради ова со овој закон ќе се овозможи донекаде да се интервенира и да се уреди општата состојба во однос на јавната чистота во нашава земја.

Со овој закон се уредува аспектот на утрдувањето на обврските помеѓу општинскиот државен инспекторат и општинскиот комунален инспекторат на општините каде ќе се обезбеди еден надзор и контрола на спроведувањето на законот за јавна чистота. Според овој закон се предвидуваат и комунални редари со средно образование во општините односно во градот Скопје, кои ќе се ангажираат за почитувањето на определбите на одлуките за комуналниот ред и можат да изрекуваат глоби на лице место како што нагласи и претходно министерот во своето излагање или доколку не се казнат или санкционираат или не се плати казната на лице место таа се покренува и може да ја издигне свеста на населението за една општа поголема јавна чистота бидејќи и порано му е посветено посебно значење на јавната чистота, градејќи и во минатото разни фамами за јавна чистота.

Со ова се надевам ќе обезбедиме една попогодна животна средина и е упатно и добро фрлањето на сметот да биде на класифициран начин така што да се прави и рециклацијата на некој од сметот што ќе влијае и на нашиот буџет. Истовремено и во чистотата на нашата земја и се надевам дека сите сме на стојалиште и мислиме дека е крајно време да посветиме поголемо значење на оваа значајна точка во однос на здравјето и животната средина. Мислам дека и другите колеги ќе го  подржат овој закон. Ви благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:**  Благодарам и јас.

 За збор е јавен и има збор Ќуркчиев  Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, пичитуван заменик министер.

Навистина како што спомнаа некои колеги, чудно е што предлогот доаѓа од Министерството за транспорт и врски  за регулирање на една ваква материја, а не од Министерството за животна средина и јас како и на Комисијата кажав дека во основа тука е погрешен концептот за градење на еден ваков закон и истиот има премногу слабости да би можел со амандмански  интервенции да се корегира.

Јас би упатил сериозни критики на некои крупни слабости кои си вооучуваат во законот, а тоа е пред се неусогласеноста на предложената регулатива со реалните состојби во Република Македонија.

Втора работа е навлегување на регулативата која што е дадена во законот во сферата која треба да се уредува со одлуки на локалната самоуправа. Повеќе е од јасно дека се воведува нова јавна давачка, надоместок за одржување на јавна хигиена и се разбира еден застрашувачко полициски инспекторски концепт во присилното спроведување на законот. Се разбира дека во Предлог текстот на законот сите оние колеги кои што имаа прилика да го ѕирнат има повеќе во најмала рака, смешни решенија. На почетокот би сакал да кажам дека вака кабинетски исклучиво скроен закон кој апсолутно не води сметка за реалните состојби се обидува да ја уреди материјата за јавната чистота како да државата или Република Македонија ја сочинуваат само урбани средини, како да нема рурални средини во државата и како да секоја педа земја во државата е целосно урбано уредена. Треба да останеме слепи дека дури и во главниот град на Република Македонија Скопје состојбите се катастрофални во поглед на ископани улици и тротоари, неуредени површини, апсолутно застарена механизација за одржување на чистотата, запрежни возила или коли се движат по улиците и никој не смее да помисли да спомене за некаков јавен тоалет и од кога не е изграден. Со други зборови имаме лоши состојби во сите области кои што ги третира овој закон. Ако е во Скопје така, тогаш можете да замислете каква е состојбата во другите градови во Република Македонија.

Главното прашање пред да се пристапи кон изготвување на еден ваков закон е дали државата создала услови и има финансови капацитети да се изградат и доуредат јавните површини. Дали обезбедила објекти и опрема за одржување на јавната чистота, за да потоа се заканува со високи казни за оние кои ги прекршуваат пропишаните норми на однесување. Знае ли некој во оваа сала, почитувани колеги, колкави се приходите на општините и Градот Скопје за изградба и одржување на јавните површини за да потоа правните и физичките лица кои што ги одржуваат од корисниците бараме се разбира, одговорност и изрекуваме казни за нарушување на утврдениот ред со овој закон на однесување. Јавната чистота и хигиена на сите јавни површини во сите средини во Република Македонија е огледало на нашите вложувања, на вложувањата на власта. Ако нема пари тоа значи дека нема вложувања, тоа значи дека нема чистота, но за тоа не треба и не може секогаш вината да ја фрламе на граѓаните. Ако од две милијарди и кусур милиони евра во Буџетот на Република Македонија ниту денар не даваме за јавно прометни површивни во општините и ако не им дадеме можност да направат потребна механизација и опрема мораме сакале или не

барем да кажеме ако ништо друго дека сразмерно ќе ја поделиме одговорноста.

Изгледот на нашите градови и села и јавните површини се огледало на власта. Не велам дека е секогаш централната колку е централната, толку е локалната власт. Затоа треба базичните размисли на тема јавна чистота да бидат сврзани и со финансирањето односно создавање на услови за да нешто може да се чисти и одржува дури при тоа и да пропишуваме и казни. Се додека улиците и тротоарите таму каде што ги има се такви какви што се, тешко дека ќе можеме после изминати само 50 чекори по тротоарот да немаме потреба да ги чистиме кондурите и на сето тоа мораме да платима казна од 50 евра по носење на овој закон. А гледаме дека ни во автобусите од јавниот превоз не можеме да седиме на столчињата.

Што се случува под возилата што се паркирани на тротоарите или пред влезовите на зградите. Со какви се машини треба да се очисти тоа. Јасно е дека не се работи само за казни туку исклучиво се работи само за инвестиции. Па ве молам и почитуваниот заменик министер ќе ви дадам еден податок кој претпоставувам дека го немате.

Според официјалните податоци на Министерството за животна средина и водени ресурси на Сингапур во 2007 година биле произведени 5,6 милиони отпад од кои 54% е рециклиран. 43% е уништен со горење. Треба ли да зборуваме кои се проекциите за 2008 година. Па знаете ли колку чини тоа? И ние носиме закон и се повикуваме на Сингапур. Многу далеку сме од тоа. Навистина токму од тие причини би сакал да го слушнам образложението, жал ми е што министерот не е тука за смешната констатација во Предлог законот дека за реализација на одредбите од овој закон нема потреба од обезбедување на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Па не е ли смешно. Секаде во светот одржувањето на јавната чистота и класификација на отпадот чини многу пари. Значи државата треба прво да направи проценка за реалните состојби кои што ги имаме во Република Македонија десетици пати од оваа иста говорница во претходните две години зборував дајте нешто да направиме со илјадници тони опасен отпад во Република Македонија. Стотици тони опасен отпад имаме само во Скопје, тоа е еколошка бомба, дајте да ја тргнеме, да ја дислоцираме, меѓутоа се наме слух и наеднаш имаме приоритет ќе се споредуваме со Сингапур. Дајте ве молам да не правиме нешто што навистина немаме потреба од тоа. Да го потрошиме нашето пратеничко време на нешто навистина го заслужува нашето внимание.

Има еден пример што сакам да го споменам. Дали може некој да каже или дали е јасно по кој критериум општините и градот Скопје ќе ја определат висината на надоместокот. Прва работа дали сите подеднакво ќе плаќаме, дали секаде подеднакво во општината ќе се чисти, дали граѓанинот ќе има право да бара услуга сразмерно на давачката која што ја наметнуваме со овој закон. Колкав ќе биде надоместокот во урбаните, а колкав во руралните средини. Дали ќе има категорија привилегирани субјекти кои нема да плаќаат надоместок. Дали државата ќе плаќа за сите јавни површини и отворени простори бидејќи таа е сопственик на најголемиот дел тоа е многу крупно прашање. И ве молам, мислам дека и амандманите кои што се дадени после донесување, предлагање на овој закон ценам дека таква несразмерност на пропишаните казни и материјалните можности на потенцијалните прекршители немало никогаш. Ве молам за овој закон десетина минути е навистина е премногу малку затоа велам имаме погрешен концепт за кој што е најдобро предлагачот да го повлече. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Она што можам на почетокот да го кажам, а тоа е дека не знам дали почитуваниот министер се обрати како министер за транспорт и врски или се обрати како министер за екологија односно за животна средина, бидејќи она што можам да го кажам за законот дека истиот е конфузен, несреден, со многу недоречености и многу недефинирани работи од кои треба да произлезат десетици подзаконски акти и правилници.

И тоа ќе се надминеше ако поголем дел од одредбите содржани во овој Предлог закон за јавна чистота веќе не беа рагулирани со Законот за управување со отпад кој важи од ноември минатата година. Тоа може да ги збуни граѓаните, но исто така може да ги збуни и инсекторите бидејќи не ќе знаат по кој акт да ги пропишуваат казните. По едниот закон одредени казни се во висина, на пример од 30 евра, во овој Закон за јавна чистота истата казна чини 50 евра. Во Предлог на законот не е образложена целта што сака да се постигне со овој закон бидејќи едно се пишува во образложението на целта, а друго се пишува во членовите на законот. Така да во целта пишува дека, на пример во членот 8 - периодот за склучување на договори треба да биде минимум 4 години, а во целта пишува дека треба да биде најмногу 4 години, е сега не знаеме дали е минимум или е максимум 4 години. Во Предлогот на законот не се дадени јасни ограничувања помеѓу општинскиот и државниот комунален инспектор, не се знаат ограничувањата помеѓу комуналните редари и општинските инспектори, со еден збор ова е хаос од закон.

Ќе се обидам на кратки црти да ги коментирам некои од предложените членови и да укажам на конфузијата која е во самиот Предлог закон.

На пример во членот 5, не е дефинирано што е јавна чистота и истата треба да се прецизира.

Членот 6 траба да се избрише затоа што се однесува во делот 3.

Обврските на учесниците во одржувањето на јавните површини и во голем дел се поклопуват и во членот 18 од делот 3.

Понатаму, во членот 7 став 5 не е дефинирано во кој случај општините во градот Скопје и Градот Скопје ќе отстапат дел од своите надлежности при тоа е добро да се допрецизира тоа да го направат тогаш кога ќе неможат да ја следат динамиката и обемот на одржување на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот за да може со одлука на Советот, она што го говореше и колегата Ќуркчиев, дека навлегуваме во ингеренциите на советите на општините истите да ги отстапат. Инаку вака се создава впечаток дека некој сака дел од ингеренциите кои ги имаат во моментот јавните претпријатија во општините наменски, за партиски цели на партиски луѓе истите надлежности да се предадат. Ова е битно бидејќи ќе се јави истиснување на сите јавни претпријатија кои не се или таму каде што не се во согласност или соработка со општинските власти.

Во членот 8 - нема потраба да стои договор со правно лице градот може да склучи најмалку од 4 години. Многу е подобро да склучи договор од 1 година, но не повеќе од 4 години за да не се случи да едно правно лице опфати два мандати од една локалната самоуправа, доколку дојде смена на истата.

Со Предлог на законот во членот 11 се дава можност за нови вработувања и можеби тука се крие вистинската причина на власта за задоволување на своите членови особено преку таканаречените комунални редари кои се со средно образование и кои ќе се примаат по критериуми пропишани од министерот за транспорт и врски. Ова не е ништо друго туку со овој потег власта сака да задоми голем број на свои партиски активисти кои во предизборната кампања и ветуваше дека за сите ќе има работа. И можеби затоа овој закон го предлага министерот односно Министерство за транспорт и врски, а не го предлага Министерството за животна средина.

Членот 13 - е контрадикторен со членот 7 во кој стои дека за тоа се задолжени јавните претпријатија или правните лица и воедно согласно со членот 5 став 1- одржувањето на јавната чистота значи миење и метење на јавните површини и отворени простори на јавни објекти, а тоа не е обврска на секое физичко лице и правно лице.

Во членот 19 - каде што се пропишани на кои се места се забранува да се вршат одредени активности, јас ќе посочам само едно, сечење, складирање на дрва и јаглен.

Во Битола минатата година Јавното претпријатие за топлификација згасна. Голем дел на сопственици каде што живеат, во станбените згради се топлеа на парно, сега истите ќе се топлат или ќе мора да се топлат со дрва. Каде истите ќе ги сечат своите дрва кога ќе дојдат, или можеби во своите станови на 4-те, на 7-ми, на 10-ти спрат зависи.

Во членот 22 - делог кој го заговора да го исчистат снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 часот од почетокот на врнежите. Ова почитувани претставници на Министерството за транспорт и врски е утопија. Што ќе правиме ако снегот врне 10 часа, непрестано. Значи снегот може да се исчити во рок од 6 часа, но по престанувањето на паѓањето на снегот согласно приоритетните листи и динамиката утврдени во годишната програма за одржување на јавна чистота на советите на општините во Република Македонија, бидејќи нигде не може со самото паѓање на снегот со почетокот во рок од 6 часа истиот да заврши.

Со членот 25 - се сугерира сите средства потребни за одржување на јавната чистота за кои зборуваа и колегите пред мене да се собираат преку доставување на сметки до граѓаните. Треба јасно да им кажете на граѓаните дека ќе имаат дополнителни давачки.

Во членот 37, 38 и 39 - покрај комуналните инспектори задолжени за надзор за имплементација на законот на членот 26 и комуналниот редар во членот 11 се споменува униформирани полициски службеник на кого во текстот на законот не му се дадени никакви надлежности, но сепак во членовите 37, 38 и 39 се изедначува со ингеренциите на комуналниот инспектор и комуналниот редар. Или треба да се избрише или треба да се спомене во претходниот дел, во делот на доделување на надлежности.

Ве прашувам како ќе наплатиме, или инспекторите како ќе ја наплатат казната во Битола каде нема определено место за одлагање на градежен шут и врз основа на што ќе ја наплатат таа казна. Казна од 2 до 3 илјади евра ќе плаќаат сопствениците или управителите на јавните објекти, доколку не постават садови за фрлање на отпад, исправни инсталации на санитарни јазли, доколку нема тоалетна хартија, машини за сушење на раце, па треба уште да им ја кажете и фирмата преку која сето ова да го набават и работата ќе биде завршена без проблем.

Почитувани пратеници, на крајот сакам да кажам дека ваквите избрзани закони кои во голем дел се опфатени со други, каде постојат многу недоречености и празнини, без никаква желба истите да се корегираат, каде нема член кој не треба да претрпи сериозни измени, најдобро е да се повлечат, да се доработат, да се усогласат, потоа да се постават на дневен ред на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Феми Јонузи, повелете.

**Феми Јонузи:** Ви благодарам.

Господине претседател, почитувани пратеници, почитувани претставнци на Владата,

Сакам да кажам неколку збора во однос на потребата од донесување на овој закон, Закон за јавна чистота.

Поаѓајќи од начелото за една почиста средина и поздрава средина за нашето општество и имајќи ја предвид законската регулатива на Европска унија и нејзините стандарди, стана неопходна потребата од донесување на закон кој ќе ја уреди јавната хигиена. Овој закон е по функција на децентрализацијата каде јасно се гледа дека надлежностите за одржувањето на јавната чистота е на општините односно на Градот Скопје, кои имаат основано јавни претпријатија, или пак истите работи ги имаат доверено на некој друг приватен правен субјект кој е регистриран за вршење на овие дејности.

Во членот 7 од овој Предлог закон се предвидуваат правата и обврските меѓу општината односно Градот Скопје од една страна и правното приватно лице од другата страна, да се уредуваат со договор кој договор не може да биде потпишан за период подолг од четири години.

Исто така со законските одредби од овој закон се уредува и прашањето на финансирањето каде според законот правните и физичките лица ќе плаќаат надоместок за јавната чистота. Износот на надоместокот, според законските одредби од овој закон се одредува од страна на Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

Значајна улога во спроведувањето на овој закон ќе играат инспекторите, општинските инспектори или пак државните инспектори. Целата оваа работа за донесувањето и спроведувањето на овој закон се прави со цел нашето општество да има почиста и поздрава средина. Поради тоа овие иницијативи кои се реформски, за една почиста средина и кои беа во функција на регулативите и европските стандарди, не треба да ги засегаат само умот и срцето на обичните граѓани туку и на бизнисмените затоа што идниот стопански развој на нашата земја ќе биде успешен доколку ги видиме тесно поврзани со решавањето на многуте проблеми во нашата животна средина.

Ние треба да бидеме сигурни дека нема да имаме напредок во туризмот, во земјоделието, во индустријата и во другите сектори кои се значајни во нашиот општествено економски раст и стопански живот со една нечиста и уништена средина. Никој од странските инвеститори не може да дојде да инвестира свој капитал во Република Македонија, со тоа што ќе ги затвора очите и ќе го собира стомакот пред нечистите води и со многу остатоци и отпадоци.

Јас знам дека имало иницијативи, има и денес и е за поздравување иницијативата на Владата која во соработка со Министерството за транспорт и врски, со министерството за животна средина и Ценарот за менаџирање со кризи, Управата за заштита и спасување и некои други институции кои почнаа еден гигантски проект за уредување и чистење на реката Вардар.

Никогаш не е доволно и е упатно сите ние, без оглед дали сме политичари, лекари, бизнисмени, или пак медиуми и други професии, да се обидеме да го освестите граѓанинот, без оглед на која општина и припаѓа.

Јас ќе гласам за овој закон затоа што е прв пат што земам збор во овој парламентарен состав и еве ја користам приликата да ве поздравам сите. Истовремено и на верниците од исламската вероисповест да им го честитам светиот месец Рамазан. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе..

Мислам дека и дискусијата на колегата пратеник, господинот Феми Јонузи оди во прилог на она што ние го зборувавме, особено господинот Ќуркчиев, а тоа е дека овој закон по природата на надлежностите е продукт и треба да биде продукт на Министерството за заштита на животната средина. Сосема природно, во точките што ги има внатре и она што го опфаќа е дел од Министерството за заштита на животната средина, бидејќи сите работи што и господинот ги спомна се однесуваат на заштита на животната средина. Тоа е една работа.

Втора работа е примерот, што не се согласувам и затоа ја правам реплилката, е тоа што овој закон можеби се однесува на општините, но не оди во прилог на децентрализацијата, туку оди апсолутно во мешање на ингеренциите во системот на независноста што треба да постои помеѓу локалната и централната власт. Имено, со законот восите точки, надвор од процедурата, бидејќи тука нема финансиски средства, им се даваат задачи на локалната самоуправа и еве ќе го замолам колегата Феми Јонузи да ги праша колегите градоначалници од ДУИ, бидејќи 15 или 16 градоначалници има од ДУИ, колку тие во овој момент имаат финансиски капацитет да го спроведат законот што го пишува овде, колку тие општини, условно кажано, знаеле кога го планирале Буџетот за 2008 година, а тоа е да речеме октомври 2007 година, дека ќе имаат обврска во 2008 година, значи, кога ќе се донесе овој закон, а тој стапува во сила, дали веднаш или по осум дена, значи после осум дена, тогаш ќе треба секоја општина, значи сите 16 градоначалници од ДУИ да влезат во милионски инвестиции. Дали знаат тие или дали имаат спремност општините за такво нешто. Затоа, можеби зборува за општините, но апсолутно е против процесот на децентрализација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,18 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господин Сугаррески Горан, повелете.

**Горан Сугарески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во основа секогаш ќе подржувам прописи со кои што се регулираат прашањата поврзани со хигиената, чистотата, а со тоа и заштитата на животната средина и природата.

Предлогот за донесување закон за јавна чистота е еден од тие прописи. Во врска со овој закон имам бројни забелешки и предлози со кои сметам дека прашањата што ги третира истиот ќе можат да се решаваат на посоодветен начин.

Да почнам со причините поради кои се предлага донесувањето на законот. Предлагачот како причина го наведува фактот дека во постојниот Закон за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад до сега не се извршувани никакви измени и дополнувања. Тоа значи дека предлагачот-Владата ќе ги менува претходно донесените закони без разлика дали за тоа има или нема издржливи причини.

Понатаму не можам да се согласам со тоа што кога со овој закон се третираат прашањата од чистотата, а кои се непосредно поврзани со одпадот на ни едно место да не се спомне специјалниот и секторски закон - Законот за управување со отпад. При тоа, слободно можам да кажам, дека многу прашања поврзани со јавната чистота веќе се регулирани и третирани со Законот за управување со отпад, па поради тоа со донесувањето на овој закон за јавна чистота органите на Државната управа и единиците на локалната самоуправа ќе се доведат во заблуда за тоа кој и за што е надлежен, а тоа негативно ќе се одрази на јавната чистота и животната средина.

Ќе дадам неколку компаративни податоци меѓу Законот за управување со отпад кој се спроведува и овој закон за јавна чистота кој е сега предложен.

Во Законот за управување со отпадот уште во предметот на уредување член 1 кажано е дека се уредува начинот и условите под кои може да се врши собирање на отпадот за да тоа прашање во овој закон за јавна чистота со членот 1 повторно се уредува собирањето на сметот.

Ќе наведам и некои други прашања во врска со јавната чистота кои веќе се уредени со Законот за управување со отпад. За реализација на планот за управување со отпадот на Република Македонија Советот на Општината донесува план за управување со отпадот на општината, а за реализација на овој план Советот донесува програма за управување со отпадот.

Една од обврските според специјалниот закон за управување со отпадот е таа дека Советот на општината е должен да се грижи за јавната чистота член 22.

Со членот 41 од Законот за управување со отпад со заглавие - Одржување на јавна чистота е регулирано дека градоначалникот на општината е должен да ја одржува јавната чистота и да постапува со напуштениот отпад на јавните и сообраќајни површини, урбани средини и во неурбанизираниот простор на своето подрачје.

Начинот и условите за остварување на овие обврски ги пропишува Советот на општината на предлог на градоначалникот.

Сето ова јасно укажува дека предлагачот на законот за јавна чистота - Владата односно подгвотителот Министерството за транспорт и врски воопшто не го препознава специјалниот закон за управување со отпад или поточно не кореспондира со Министерството за животна средина и просторно планирање, па произлегува дека секој за себе си предлага закон при што во пракса ќе се помешаат надлежностите со тоа не само што ќе се доведуваат во заблуда граѓаните, сето тоа ќе биде на штета на јавната чистота и на животната средина.

Како поддршка на ова што го кажувам ќе наведам уште неколку бисери од овој закон за јавна чистота.

Во членот 5 изразот “дворна површина” ако се однесува на просторот околу колективните и индивидуални објекти тоа е широк и неограничен простор кој може да прави забуна и проблем во одржувањето на јавната чистота. Затоа треба на тој израз да се додаде текст дека тоа е простор што е определен со Урбанистичкиот план односно градежна парцела на објектите.

Низ целиот текст поместена е формулацијата “јавен објект” за што има сериозни обврски во законот. Меѓутоа, неопходно е да се даде значење на изразот “јавен објект”, па со тоа точно ќе се сознае за кои објекти ќе се однесува тој израз, во спротивно секој сам ќе си го толкува тоа прашање.

Најголемиот парадокс на овој закон е членот 11 од овој закон каде е кажано дека контролата на одржување на јавната чистота би ја вршеле комунални редари. Не се знае што и кого ќе контролираат овие редари, какви акти ќе носат, какви санкции ќе преземаат. Дали се тоа некој вид инспектори кои веќе ги има во законот, ниту има критериуми колкав треба да биде нивниот број. Би можело да преовладува мислење дека тоа ќе биде форма на партиски вработувања без никаква задача односно таканаречени маткачи.

Забранетиот член 14 се во најголем слични исти со забраните од Законот за управување со отпадот каде надлежности има Инспекторатот на животна средина и други инспектори, па така во услови кога не се знае кој за што е надлежен топката ќе се префрла од еден на друг, а работите нема да се решаваат.

Кога сум кај забраните да спомнам еден парадокс. Се забранува продажба на земјоделски, индустриски производи на јавни површини, а под поимот јавна површина се и пазарите, магацините, складиштата, па дури и сајмиштата.

Патем да спомнам дека оваа забрана за продажба во магацините и складиштата не кореспондира со Законот за трговија при што магацините и складиштата влегуваат во категорија продажни објекти во кои може да се обавува трговија односно купување и продавање на стоки како и вршење на трговски услуги.

Ако на пазарите не се продаваат земјоделски и други производи, тогаш каде тие ќе се продаваат?

Кога сум кај забраната на продажбата на земјоделски, индустриски производи на јавни површини, што ќе се случува со железничките, автобуските и бензиските станици, зоолошките градини, гробиштата, спортско-рекреативните објекти, јавните капалишта каде се продаваат и има потреба да се продаваат разни земјоделски индустриски производи, а со овој закон тоа се забранува.

Можам само едно да кажам тешко на трговците, пазарџиите и сите оние кои на овој начин вадат леб за да ги прехранат фамилиите.

На крајот би спомнал уште еден елемент од овој закон кој, по мене, би било добро да се доработи. Се работи за јавните санитарни чворови при што предлагачот-Владата дури сугерира на начинот на нивната употреба, па укажува на тоа дека по користење на санитарните чворови треба да се пушти вода, но и предвидува казни за вршење на физиолошки потреби на јавни површини.

Сметам дека би било добро кога со пропис ќе се уреди изградбата на јавни санитарни чворови, веројатно според определени критериуми и тоа да биде обврска на општините.

Од овие причини што навистина многу градови и поголеми населени места воопшто немаат јавни санитарни чворови, па луѓето, особено посетителите и туристите нема каде да ги вршат своите физиолошки потреби, а познато е дека тие не можат таа работа да ја контролираат.

Сосема на крајот, после едни вакви видувања во врска со овој закон последни противречности со веќе донесени прописи, после редица недокажаности, сметам дека Владата и Министерството за транспорт и врски со чиста совест треба да го повлечат овој закон и во некој следен период да предложат нов, добро издржан и координиран текст со другите државни органи, а најмногу со општините, затоа што во крајна линија овој закон најмногу се однесува на општините. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Денес на дневен ред имаме еден многу битен Предлог за донесување на закон за јавна чистота со Предлог на закон. Закон, според кој би можела да кажам дека по моите видувања е од мошне битно значење за зачувување на здрава животна средина, за подобро функционирање на општините, на јавните комунални претпријатија и за воспоставување на ред во однос на заштитата и одржувањето на хигиената на животната средина.

Имено, законот за јавна чистота, собирање и третирање на комуналниот, цврстиот, технолошкиот отпад во кои се регулирани условите и начинот на одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот, цврстиот и технолошкиот отпад е донесен 1998 година и решенијата во така постојниот Закон не соодвествуваат со степенот на развојот на комуналната инфраструктура.

Од тие причини неминовна е потребата од доенесување на овој закон кој денеска го имаме на разгледување.

Би сакала да потенцирам дека законот се засновува на три основни начела како што се организирање и обезбедување на јавната чистота на јавните површини, потоа имаме јасно разграничување на надлежностите меѓу државниот и комуналниот инспектор и општинските комунални инспектори и обезбедување на надзор и контрола над извршување на работите од областа на јавната чистота.

Предлогот на законот кој денеска го имаме на разгледување е срочен во 7 глави кои точно, прецизно и недвосмислено ги опишуваат целите кои ги имаат зацртано во членовите на постојните поглавја така би сакала да спомнам само неколку мои видувања по однос на текстот на законот како што е на пример во првата глава во членот 4 каде е дефинирано дека одредбите од овој закон не се однесуваат на одржување на јавната чистота во случај на вонредни околности и во услови на елементарна непогода.

Посебно би сакала да потенцирам дека во делот на услови и начин на одржување на јавната чистота во членот 10 точно е дефинирано дека за поблиско уредување на односите за одржување на јавна чистота треба да се донесе одлука од општината и градот Скопје со која се регулира одржувањето на јавната чистота и сите ингеренции за одржување на јавните површини.

Меѓутоа, она што сакам да го потенцирам исто така би сакала да кажам за делот на одржување глава 4 се однесува на средствата за одржување на јавната чистота каде имаше многу дискусии и каде се кажуваше дека не е добро прецизирано. Јас го делам спротивното мислење и би кажала дека за одржување на јавната чистота точно е дека ќе се плаќа одреден надоместок, меѓутоа, висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ќе ја уреди и потврди Советот на општината и општината на градот Скопје во зависност, точно е дефинирано, од изграденоста, уреденоста на јавните површини, потребата и обемот за одржување на јавните површини на нивното подрачје.

Исто така би сакала да потенцирам дека сегашната состојба во која се наоѓаат одредени општини, влезовите на одредени градови со

градежен шут, со многу диви депонии се сериозен проблем на локалните раководства и од тие причини ценам дека оваа законска рамка која денеска ја имаме на разгледување во многу ќе придонесе за воспоставување на еден комунален ред во самите општини затоа што законот ќе биде применлив за сите општини, за сите јавни комунални претпријатија, за сите структури каде треба да се имплементира истиот.

На крајот би сакала да потенцирам дека овој закон кој денеска го гледаме исто така го имавме на разгледување на Матичната комисија за транспорт и врски. Од Комисијата Предлог законот ја доби потребната подршка, се надевам и воедно ги повикувам колегите пратеници истото тоа да го сториме и на денешнара седница, овој закон да биде поддржан за да сите заедно се заложиме за создавање услови за подобра животна средина што всушност е приоритет за сите нас, а посебно за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе,

Во однос на Предлогот за донесување закон за јавна чистота мислам дека е потребно да се истакнат одредени работи, неспорејќи ја потребата од регулирање на оваа материја со закон што може добро да се одрази пред се на чистотата, на хигиената во нашите градови, во средината во која живееме. Сепак во законот има голем број недоследности кои даваат за право на сите оние кои мислат дека ваквиот закон треба да се доработи со прецизирање на одредени нејасни работи кои внатре ги содржи.

Мислам дека најголема загриженост веројатно ќе биде кај локалните самоуправи,кај општините во Република Македонија вооднос на она што тие како обврска ќе го добијат и кои се механизми, кои се финансиски средства ќе ги имаат за обезбедување на таа обврска.

Дел од обврските кои се наметнуваат на општините мислам дека значително ќе се одразат на нивните буџети, бидејќи наивно е да се верува дека имплементацијата на овој закон нема да бара дополнителни финансиски средства како што стои во самиот закон. Мислам дека и те како треба да се предвидат финансиски средства и тие средства да бидат прилог на државата во децентрализацијата и да се дадат на општините за остварување на оваа надлежност.

Во излагањето на министерот не беше јасен колку очекува дека тоа ќе се одрази на општините, колку ќе се одрази на граѓаните. Остава загриженост и впечатокот дека и на граѓаните ќе има негативно влијание особено во делот кој се однесува на сметките кои тие ќе ги добиваат. Тука има една неприцизност особено членот 25 кој кажува дека наплаата на надоместокот за одржување на јавна чистота се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање што е во ред и на други видови на опасен отпад, меѓутоа, по исклучок во ставот 1 може да се доставува посебна сметка. Што е таа посебна сметка, колкава е таа посебна сметка, што ќе значи за граѓаните, тоа треба да се објасни.

Во однос на оваа материја за сите оние кои ја работеле е јасно дека општинските комунални инспектори постоеа во локалните самоуправи, сега се рпави едно решение кое е ново, а тоа е воведување на некакви комунални редари. Мислам дека тука се отвора голем број на прашања кои треба да се расчистат. Неспорно е дека треба вклучување на повеќе луѓе во одржување на редот кои ќе контролираат, кои ќе патролираат, на некој начин ќе бидат истурена експозитура на локалните самоуправи и секаде онаму каде ќе можат да влијаат на подобрување на хигиената во населените места, но од друга страна статусот на овие комунални редари воопшто не е јасен. Кои ќе бидат тие комунални редари, како ќе бидат вработени, тука се кажува дека се со најмалку средно образование, дали ќе бидат државни службеници, дали ќе бидат на страна од државните службеници примани во општините, дали ќе бидат дел од комуналните претпријатија, тоа е нешто што и покрај веројатно добрата намера нуди можност за злоупотреба односно можност за,како што некој истакна пред мене, имаме само таканречени маткачи или локални шерифи кои ќе одат низ населените места и кои ќе бидат на некој начин средства за заплашување на граѓаните и за себе промоција, а малку ќе сторат за подобрување на јавната хигиена. Вообичаено ќе ги имаме како регрутација од делот на партиската структура која постои во градовите.

Исто така она што мислам дека треба да претрпи измена тоа е членот 22 каде пишува дека во зимски услови општините се должни да го исчистат снегот најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и сите оние кои учествувале на расчистување на снегот знаат дека е тоа невозможно. Ако се почне да се расчистува снегот така како во овој закон е напишано, тогаш ќе имаме лизгалиша по улиците на градовите и наместо да им помогнеме на граѓаните само ќе им отежнеме, па мислам дека им натураме оврска на оние кои треба да ја спроведуваат која не само што е неспроведлива, туку е безсмислена.

Тука има постапка, има начин како тоа се прави базирано на искуството и сосема е извесно и се знае дека снегот не се чисти така како што во членот 22 е напишано, дури мислам дека е претенциозно ставено 6 часа, што значи дека некој си преземал нешто што мислам дека не е исправно. Исто така, во делот во кој што практично се укажува на надзорот, надзорот над сите тие активности, инспекцискиот надзор го вршат општинските комунални инспектори. Тука ќе биде малку потипичен проблемот во градот Скопје каде што општините немаат комунални инспектори, туку тие инспектори се на градот Скопје. Веројатно во праксата тие работи ќе

создадат проблеми. Министерот во второстепената постапка одлучува и тоа е неспорно. Но , она што тука е спорно, значи на некој начин постапката на посредување која се трга на страна од локалните самоуправи и му се пренесува како активност на Министерството. Ова е нешто што без причина е направено. Доколку општините ја тераат целата работа би било логично ако некој прифати да се постигне согласност, таа постапка на посредување да биде водена во општините, а не да биде водена во Министерството.

Она што исто така, е нејасно, тоа е како полицијата ќе биде обучена да се справува со оваа работа. Мислам дека во самиот закон треба да се пречистат, сега да не употребувам некој потежок збор, некои да кажам бизарни квалификации кои отвораат можност некој да си тера мајтап со тоа како да кажам, одредени недозволени активности во вид на прекршоци кои ќе ги прават граѓаните, а се однесуваат на нарушување на хигиената ќе бидат санкционирани во моментот од страна на органите кои се надлежни за тоа. Мислам дека до толку прецизен закон не мора да биде, дека тие работи ако ништо друго заради добриот вкус треба да се тргнат на страна од овој закон, а се подразбираат со сите оние други законски можности кои им се дадени и на редарите и на инспекторите. И она што исто така, мислам дека држи, тоа е во услови кога ќе се покрене една прекршочна постапка пред надлежниот суд, овој закон на некој начин укажува дека му се изрекува глоба во трикратен износ од утврдениот со одредбите и членовите наведени во став 1 на членот 38. Мислам дека наметнувањето, ако веќе постапката прекршочна се пренесува во судот, оваа одредба би требало да биде отстранета од законот. Се на се, можам да кажам дека се работи за една добра идеја меѓутоа идеја која треба да претрпи доработка. Се работи за суштински интерес на граѓаните, интересот на граѓаните е градовите, општините да бидат почисти. Меѓутоа замките кои овој закон ги нуди во делот и на можноста за негова примена колку ќе биде реално спроведлив, од друга страна колку ќе отвори можност преку мала врата да се внесуваат одредени други, да кажам состојби кои во нашето општество се очигледни и познати, дава за право на сите оние кои мислат дека треба да се изјаснат против овој закон и дека овој закон треба да биде вратен на доработка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Еве и јас да се вклучам во расправата по овој закон, изразувајќи на почеток апсплутно незадоволство од тоа што министерот дојде да го прочита она што го имаше кажано и на прес конференција и замина без да одговори на клучните праШања кои што не ги интересира пратениците од ВМРО ДПМНЕ, бидејќи не се во голем број тука и од ДУИ, туку ги интересира граѓаните. Имено согласно законот што се предлага во членот 25 и 24 се утврдува висина на надоместок што граѓаните ќе го плаЌаат за оваа сингапурска идеја на Миле Јанакиески. Значи тука пишува во законот дека секоја општина и градот Скопје, заменик министерот е тука, бил директор на едно јавно претпријатие во Скопје, знае дека општините и градот можат да си донесат, бидејќи законот им го нуди тоа, надоместок што самите ќе си го оценат и тој може да варира од општина до општина. Граѓаните имаат право да знаат дека сингапурската идеја на Миле Јанакиески ќе донесе повеќе или ќе бара од граЃаните да плаќаат повеќе пари за нешто што не ќе може да се спроведе во дело, бидејќи законот е напишан набрзина со многу погрешни реченици и со многу правни нелогичности. Да прочитам во член 14 вели, заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини забрането е миење на возила и камп приколки и разни предмети од домаќинството и од вршење на дејности. И што е тоа? Ќе дојде ВМРО ДПМНЕ ќе го вработи комуналниот редар и ќе рече, ти вршиш дејност некоја, зад зграда си вршиш дејност и ајде 50 евра, 100 евра, или ќе ги активираме ВМРО-овските тројки да не пратат, си пуштил хартија не си избришал. Кое е тоа вршење на дејност?

**Трајко Вељаноски:** Би сакал малку посериозно да се однесуваме спрема законот и спрема граѓаните.

**Јани Макрадули:** Па затоа ни треба министерот, претседателе. Тука пишува: забрането е вршење на дејност. И сега сакаме министерот да го прашаме. Тоа е апсурдноста на решението. Среќа помина таа тактика од 2006 до 2008 што ви успеа дека кога ќе дојдеше некој закон пратениците од ВМРО ДПМНЕ ќе речат значи, вие сте против чистотата и тоа проаѓаше, но бидејќи веќе не проаѓа, значи на медиумите не ви проаѓа веќе таа тактика, не ни кажувате дека сте, бидејќи не сме против чистотата. Излезете надвор видете пред зградата видете колку коли на пратеници од ВМРО ДПМНЕ се паркирани каде што не треба. Еве излезете надвор видете колку, изброив, 7 од ВМРО ДПМНЕ, 2 од СДСМ. Ги избројав надвор колку се на забрането место паркирани. Сега во такви едни услови министерот со сингапурски идеи не знаејќи ништо за телекомуникации, транспорт и за градежно земјиште, си става член кај што вика "Бојата и кројот на службената облека ќе ја пропишува министерот за транспорт и врски формата и содржината". Значи тоа е Цаци Паковска сега, или некој да не навредам некој од креаторите, ќе пропишува облека како да ќе изгледа редарот. Па ви се молам, во кој закон го има тоа? Министерот за транспорт и врски стана моден креатор и сега ние треба да го гласаме тоа, или тоа значи дека ние сме против чистотата. Мислам не мора буквално до збор да препишуваме закони што може во Сингапур и ги има. Ама таму кога закон ќе му падне на Уставен суд харакири си прави

тој, или го праќаат некаде во непозначница, а овде стануваш најблизок соработник на премиерот Груевски. Мислам апсурден е законот и затоа мораме да употребуваме примери кои што апсолутно не држат, или апсолутно ја прават целата ситуација апсурдна до бескрај за да можеме да зборуваме за нормална примена на законот. Уште еднаш ќе повторам законот има финансиски импликации. Секое министерство пишува во законот мора да обезбеди и јавно претпријатие мора да обезбеди машина за сушење на раце. Нема во секое. Значи од буџетот ќе се купува тоа. Значи има финансиски импликации. Ама ајде да ги оставиме министрите си имаат пари. Граѓаните ќе плаќаат повеќе пари, го пишува тоа во законот член 24 и 25. Министерот самиот на одговор во дневниот весник "Вест" пишува: "Не можам да кажам дали ќе има зголемување на оваа сума бидејќи општините ќе треба да кажат дали има потреба". И нормално, секоја општина ќе рече, ми давате нова задача,треба да направам нови тоалетни простории, треба да купам машини за сушење на рацете, ми требаат толку и толку пари за да тоа го чистам, да го средувам ќе ми требаат повеќе пари, или во апсурдноста еве, да одиме до крај. Во тие дејности забранети испаѓа дека еден стар добар македонски обичај да си прават ајвар во двор и пред зграда ќе биде забрането. И сега во септември ќе пуштиме редари да ги ловат луѓето што си прават за дома зимница. Значи, затоа овој закон кога се носи треба да направи прво муабет со некој, зборуваше господинот Сугаревски, овој закон се коси со законот за отпад. Кој закон важи? Или дека е од ДУИ министерот за животна средина и екологија, па ајде сега некој од ВМРО ДПМНЕ треба да го предложи. Зошто да се косат законите. За тоа господинот Ќуркчиев зборуваше повеќе и господинот Андреј Петров. Како сега општините ќе треба да се справуваат со нешто што е сингапурска идеја, на Миле Јанакиески, а кој ќе го плати сето ова, ќе го платат граѓаните. Зошто, затоа што правиме една апсолутна ипровизација. И уште две работи би сакал да прашам. И министерот зборуваше во образложениeто, гледам истото образложение го читаше и една пратеничка од ВМРО ДПМНЕ и пратеникот од ДУИ го кажа тоа. Која е таа европска директива? Прво нема од Европската унија знаменце. Да имаше европска директива, ќе имаше знаменце од Европската унија и ќе имаше директив ана која што ќе се повикаме да видиме да го разработиме.

Второ, битно е дали овој закон важи за странци. Еве во сабота и во среда ние имаме официјална утакмица со репрезентации. Фудбалскиот стадион е јавна површина. И сега не дај боже некој од странските репрезентативци бидејќи не го знаат законот, мастиката да ја плукне. И што ќе влезе редарот на сред утакмица. ќе рече, чекај, 50 евра, ќе му земе 50 евра на центарфорот на странската репрезентација што ќе дојде? И затоа бидејќи имаме недоразбирање сакаме министерот да ни одговори за овие работи. Дали важи овој закон за странци? Еве не мора на утакмицата, ќе дојде и ќе направи некоја беља. Дали тоа важи за странски државјани? Кога ги носиме законите дајте да направиме нешто што ќе личи и што ќе одговара на реалната состојба. Сингапур е подалеку, јас реков, имаше еден сличен закон. Ова е ситуацијата како Џаџ Дред, еден од моите омилени филмови со Силвестер Сталоне каде што кога нема платено три прекршочни казни за кола, го тргаат шоферот и му ја дигаат колата во воздух. Веројатно тоа е следното што можеме да го очекуваме, затоа што во потрагата по пари, право како да ги решиме 300 партиски вработени и како да наполниме некои каси туѓи или свои, доаѓаме во една апсурдна ситуација, ќе ѕиркаме по тоалети, ќе ѕиркаме по инсталации, ќе ѕиркаме по туѓи дворови за да видиме дали некој прави нешто, или не. Овој закон не решава некои работи кои што во реалноста ги мачат, ако сакате и граѓаните на Скопје. На паузата, иако јас не сум љубител на тоа, бидејќи повеќето пратеници го измислуваат тоа, мене навистина ми се јави еден човек од Драчево кој што вели дека неговиот комшија чува добиток. И тој кога го носи добитокот на пасење, го валка и го уништува патот и јавната површина во која што живеат, отколку една мастика што случајно на некој може да му испадне ако се закашла. Затоа овој закон пред се треба да биде напишан коректно, точно, да направи една комуникација со ЗЕЛС, бидејќи сите задачи што му ги даваме на ЗЕЛС по Законот за локална самоуправа мора да имаат мислење и од ЗЕЛС и на тој начин да дојдеме до еден закон што ќе биде применлив, а не само да си правиме еден апсолутен непотребен маркетинг. Благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Типичен пример е една благородна идеја да се карикира, да се исмее, да се доведе до апсурд токму за да се каже дека ова се прави, овој закон се носи за да се соберат парите на граѓаните . Мислам дека ниеден човек не може да гледа на овој закон од таков аспект кој што навистина ја согледува положбата со хигиената на јавните површини од страна на сите кои што живеат во Република Македонија. Кој странец и да дојде прва и единствена забелешка е нечистотијата на јавните површини, на улиците, на ѓубриштата кои што секаде ги гледаме и на нас ни сметаат. Ние кога ќе одиме во странство, а знам дека колегата Макрадули е шетано дете и знае како се однесуваат луѓето во околината, во Европа. И самите ние кога одиме таму на сосема друг начин се однесуваме одошто овде во нашата држава. Произлегува дека повеќе ги сакаме тие странски држави од нашата држава и можеме ние да се трупаме со ѓубришта овде, меѓутоа нема да дозволиме ние да направиме ѓубре во една странска држава. А зошто ? Токму заради тоа што знаеме што ќе не очекува. Првиот полицаец кој ќе ви пријде ќе ви каже: Што направи

господине овде, треба да платиш казна. Сум била присутна на многу јавни манифестации во странство, луѓето и јаделе и пиеле, кога ќе се расчисти просторот не останувало ниту трошка на зелените површини. Според тоа, јас не се сомневам дека некои одредби можеби и не се совршени . Затоа имаме амандмани и можеме ако чесно гледаме на законот текстот да го подобриме и да не го спомнуваме ни Сингапур , ни Африка, ни било кој, туку да гледаме нашата држава да ја направиме пристојно и убаво место за живеење, да не го уништуваме она што ни е дадено, да го чуваме и да го негуваме и да го сочуваме за во иднина.

Што се однесува до карикирањето за одредба за ајвар, за вршење дејност, мислам дека секој знае што е вршење дејност, односно ако е тоа запишаано во регистерот на дејности, па ги обавува на место каде што не треба да се обавува, се знае дека тоа е казниво. А ајвар ако правите во сопствениот двор никој нема дави смета бидејќи тоа не е јавна површина. Благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули;** Бидејќи во една минута неможам се да одговорам. Значи, Сингапур е изјава на министерот. Министерот го посочи примерот дека по примерот на Сингапур овој закон е направен и затоа е сингапурска идеја. Ако имаше Европа директива, тоа ќе го направев. Ако сакаме да ги почитуваме законите, ние пред неколку месеци како опозиција и СДСМ зборуваше дека е апсурдно да носите закон за задолжително средно образование, бидејќи во Македонија нема услови и дека нема шанса да казните со по 1000 евра родители кои нема да ги запишат децата во средно образование. 2.500 деца не се запишале во средно образование. Ќе ги казните со по 1000 евра? Ние за тоа зборуваме. Законот е неспроведлив, како што ви докажавме на апсурдот со факултетите. Со задолжителното средно е само маркетинг и не носи поени. Исто е и ова, никого нема да казните, само ќе земете надоместок од граѓаните. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги кои што се присутни во салата, за жал ги има малку, почитуван заменик министер.

Овој е еден од законите за кој што веројатно заедно со Законот за работни односи и Законот за задолжително средно кој што го спомна колегата Макрадули, ВМРО ДПМНЕ се одлучи прво да направи кампања во јавноста потенцирајќи ги само добрите работи, дека многу се грижат за јавната чистота, да не се фрла хартија, да не се плука на јавни места и ред други негативни работи кои што лично на секој од нас ни сметаат кога гледаме како се прават овие дејствија, а поготово кога ги гледаме последиците, нечисти улици, нечисти тротоари итн.

При тоа како по обичај избегнаа јавна дебата или во најмала рака избегнаа консултација со засегнатите страни како што се единиците на локалната самоуправа, па дури и некоја трибина со граѓаните да организираат, да им објаснат што фактички сакаат да постигнат со овој закон и кои се последиците од неговата примена. Така беше и со Законот за работни односи, така беше и за сите оние закони кои два пати, три пати ги гласавме во Собранието, нема јавна дебата, се прави кампања во јавноста дека ова е нешто многу позитивно, дека само уште ова ни фалеше се да биде во ред во Република Македонија и кога ќе дојде на разгледување во Собранието, немате дебата. Зошто министерот, не ми е јасно, или некој од Владата не се осмели она што го изјавуваа во медиумите да го брани овде пред нас пратениците. Зошто не дојде и да ни објасни како предлага европски закон со сингапурски правила. Немаме претседателе дебата од страна на Владата за да ни објаснат како овие одредби, што мислеле кога ги пишувале и како ќе се одразат на животот на граѓаните при нивното практично спроведување. Цела работа на крајот ќе се сведе на тоа да се вработат комунални редари, кои за да си ја извадат платата, бидејќи општините веројатно немаат простор да ги зголемуваат трошоците по тој основ, освен ако не им нареди некој од партијата и да казнат 10-15 граѓани за да си ја извадат платата и да земаат едно работно место.

Сега тука се поставува едно клучно прашање кој ќе ја сноси одговорноста и повторно одговорноста од вакви закони кои во пракса не можат да функционираат. Да не зборуваме за спротивноста на ваквите закони, на овој закон со Законот за комунални дејности, Законот за управување со комунален отпад, за кои зборуваа моите колеги. Мислам дека Собранието треба сериозно да размисли дека одредени одредби од овој закон, можеби не морало да се носи нов закон за тоа, туку да се изврши измена и дополнување на друг закон, за да биде ова во важност, а како ќе се спроведува во пракса имаме сериозни забелешки.

Во дел од одредбите не можат или ќе имаат тешкотии при нивната примена во пракса, доколку буквално се чита законот. И кај овој закон, како редица други закони што ги предлага Владата, повторно, иако во најголем дел се работи за надлежности на локалната самоуправа, министрите си превземаат неограничени надлежности. Колегата Макрадули зборуваше, министерот за транспорт и врски ќе ја пропишел бојата и кројот на службената облека која ќе ја носта комуналните редари. Кој му го дава тоа право, зошто секоја општина да не си определи, ако веќе овие комунални редари треба да имаат посебна облека, не си определи боја и крој, ако веќе тие ќе ги плаќаат од своите буџети комуналните редари. Кој му го дава тоа право на министерот? Дали сите треба да бидат

портокалови? Или треба да бидат во некоја боја што им одговара.

Исто така во членот 39 кој се однесува на казнените одредби во петтиот став стои: ако сторителот на прекршокот од став 1 на овој член во рок од 8 дена прифати, а не врши општокорисна работа или не додели средства за вршење на општо корисна работа општинскиот комунален инспектор односно комуналниот инспектор на град Скопје, униформираниот полициски службеник, комуналниот редар ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Во наредниот став се вели: министерот за транспорт и врски го утврдува видот, висината на чинењето на општокорисната работа за секој прекршок одделно, како и начинот на нејзино извршување во согласност со министерот за правда.

Ајде сега објаснете ми, во некоја општина некој направил прекршок по основ на Законот за јавна чистота и што знае сега министерот за транспорт и врски и министерот за правда што е општокорисна работа за таа општина, за да може да ја надомести штетата, и тоа за секој прекршок одделно ќе решаваат овие двајца. Еве, има илјада прекршоци, кога ќе стасаат министрите, дали ќе ја водат Македонија во Еворпа или ќе вршат други активности или ќе определуваат кој за кој прекршок за повреда на Законот за јавна чистота што треба да работат, дали ќе собира лисја, дали во некое училиште ќе носи храна или не знам што ќе прави. Какви надлежности си земаат министрите и по кој закон, дали тоа им следи. Зошто не го остават тоа на општините, на инспекциските служби.

Понатаму, имате одредби во законот во кои се забранува на јавни површини вршење на редица дејности, а при тоа не е оставен простор онаму каде што нема услови на друго место да се врши таа дејност со посебна дозвола таа дејност да се заврши на таа јавна површина, но лицето на кое му е дозволено тоа да го прави површината да ја врати во првобитната положба. На пример, овде се забранува во член 19 сечење и складирање на дрва и јаглен. Сега замислете некоја куќа, некоја зграда немаат сопствен двор или немаат друго место каде што ќе ги спрема дрвата или јагленот за зимоска да ги исечат, да ги внесат во подрум, немаат можност на друго место тоа да го прават, а не давате со Законот дозвола комуналниот инспектор да му дозволи тоа да го направи, каде ќе го прави тоа. Како ќе го примените законот во овој случај? Нема друга можност. Има и за редица други такви работи за кои треба во законот да има одредби, да се остави простор во исклучителни случаи кога врз основа на увид ќе се утврди дека нема друга можност каде таа дејност да се изврши, да му се даде посебна дозвола. Еве го септември, има можеби луѓе кои немаат каде да извршат преработка на грозјето кое сега се собира, да му дадат дозвола и да ја врати јавно прометната површина во првобитна состојба.

Затоа, кога зборуваме за вакви закони, не можете вие црно бело да ги гледате работите. Собранието, парламентарното мнозинство ќе го аминува, ќе рече во ред, ќе рече ајде ќе го донесеме, но што со спроведувањето, кој ќе ја носи, повторно ќе кажам одговорноста од неприменливоста на овој закон. Направивме кампања во јавноста дека законот е идеален, супер, а има редици други членови кои се спротивни на одредени пракси во јавноста и навиките на граѓаните, но не се толку лоши за да не може да се најде решение и тие да се извршуваат, а при тоа јавната површина и чистотата да не се наруши. Затоа, не е добро со вакви популистички начини да се прокламираат закони, без јавна расправа да се слушнат мислењата, да не се размисли за применливоста за одредени членови од овој закон, едноставно само Собранието да ги изгласува, а потоа во праксата да се покажат како лоши. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Расправата за Законот за јавна чистота поминува вака во прилично весела атмосфера, на моменти дури и шеговита. Ќе се согласиме веројатно дека има елементи кои можат да водат вакви шеговити забелешки. Во крајна линија, за прв пат дискутираме за некои работи како што е да речеме јавната чистота на јавни површини и чистотата во јавните тоалети. Тоа е нешто што веројатно не е секојдневно во било кој Парламент, а е прв пат да се дискутира кај нас. Меѓутоа, и покрај можноста да се дадат шеговити забелешки, ќе се согласиме дека чистотата во јавните тоалети и во санитарните јазли е многу сериозна работа, и хигиената, животот, начинот на живот и сликата што ја одаваме како држава се гледа преку тие наши јавни тоалети. Затоа мислам дека е одлично што конечно и тоа е дел од материјата која еве законски ќе се регулира.

Законот не е совршен. Јас се согласувам дека има многу недоречености, има многу непрецизности и сигурно дека овој Парламент во овој 4-годишен мандат ќе има барем уште еднаш, ако не и повеќе пати, прилика да го доработува и ќе го доработуваме. Меѓутоа, мора да поставиме некаков темел, некаква законска рамка да имаме, да се спроведува тој закон извесно време, дали тоа ќе биде половина година или година, па да видиме каде функционира, каде не и во меѓувреме да изнајдеме најсоодветни начини за функционирање. Секогаш кога некоја материја за прв пат ја регулирате, ќе се соочите со таков проблем. Но, тоа за мене не е нешто страшно и јас секако ќе го подржам овој закон.

Мора да ви кажам дека како човек и пратеник од ДОМ, партија која за прв пат ја воведе екологијата во своите приоритети, сум задоволна што се донесува закон за јавна чистота и што во Собранието се поставува таа тема, затоа што

екологијата и животната средина се навистина важна работа. Вие гледате дека и во Европската унија на тоа се придава огромно значење. Сите се срамиме кога странци доаѓаат и ни велат прекрасна ви е земјата, ама не ви е чиста и тогаш ни паѓа целата прикаска за европски имиџ и целата прикаска за стимулирање на туризмот и некои други дејности поврзани со чистотата, хигиена, со европски изглед на земјата.

Значи, законот секако треба да се подржи според мене и јас тоа ќе го сторам.

Она на што би сакала да укажам во оваа дискусија тоа е одредена неусогласеност на некои членови од законот со други закони и затоа ги ставам сега на размислување до Министерството, за да може во текот на примената на тој закон, кој што верувам дека ќе го донесеме сепак, да се направат усогласувања. Имено за што се работи?

Законот за јавна чистота според мене би требало да биде совршено усогласен со Законот за отпад, Законот за локалната самоуправа, Законот за безбедност во јавниот сообраќај и уште со серија закони кои на еден или друг начин ја допираат оваа проблематика. Меѓутоа, има одредени преклопувања каде што некои одредби се дуплираат преку разни закони и има одреден расчекор во нив, а исто така има некои прашања кои треба да бидат опфатени, а не се опфатени во ниту еден од овие закони, а би требало да претставуваат една целина. Значи, ако зборуваме за заштитата на животната средина, ако зборуваме за екологијата во Македонија, ние мора да изградиме еден заокружен систем, логичен систем на заштита, на одбрана од напасници и на унапредување на животната средина и тој систем треба да биде, се разбира функционален. Затоа би укажала до Владата секако да обрне внимание на усогласување на овие и други закони кои се од иста проблематика и на нивно усогласување преку измени и дополнувања на законот. Тоа е една работа која е многу важна.

Понатаму, за мене барем ќе беше пологично ваков еден закон да носеше Министерството за животна средина и просторно планирање бидејќи ќе беше материјата директно под контрола на истите луѓе кои го носеа и Законот за отпад и редица други закони и тогаш ќе беше сето тоа похармонично и по ускладено затоа што да речеме во казнените одредби има неускладеност за едни исти дејствија во поглед на казната што се пропишува. Тоа секако треба да се исправи. Има и редица други такви навидум ситни работи меѓутоа кои што мора да ги поправиме. Но тоа е едното прашање, значи усогласување на законите кои ја покриваат оваа област.

Втора работа на која што сакам да укажам, а сигурно Министерство за транспорт и врски и другите министерства ќе имаат предвид и можеби веќе работат на тоа е подготовка на подзаконски акти. Затоа што токму преку подзаконските акти практично се довршува механизмот за спроведување на законите. Ќе ни требаат навистина добри подзаконски акти со многу прецизни директиви и упатства како да се спроведе и овој закон и како сето тоа да се усклади со другите закони кои што веќе ги споменав.

Ако ми дозволите само некои укажувања, многу е важно да се види кој ќе контролира и кој ќе ги изрекува казните. Мислам дека треба во државата да изградиме единствен систем на контрола и казнување во областа на јавната чистота и заштита на животната средина. Ние овде се среќаваме од една страна со инспектори комунални, инспектори за животна средина и тоа на две нивоа и на локално ниво и на национално ниво со тоа што додека на локално нови и едните и другите инспектори се под надлежност на локалната самоуправа како што е ред, логично, овие другиве едниот инспектор за животна средина, да речеме, е под надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање додека комуналниот инспектор национален е под надлежност на Министерство за транспорт и врски. А како што гледаме од овој закон имаат многу блиски задачи или многу сродни задачи. Мислам дека овој систем сега што функционира не е доволно добар и затоа не функционира. Ние практично немаме начин како да ги санкционираме, да речеме, локалните самоуправи, како еден лош градоначалник или совет кој што несовесно води грижа за функционирањето на јавните комунални претпријатија во една општина, како да бидат санкционирани. Тоа е како едно врзино коло, градоначалник поставува луѓе, инспектори пред се директори на јавни претпријатија, поставува инспектори кои треба да ги контролираат јавните претпријатија и практично нема кој кому да му достави информација и кој кого да го казни. Ова е прашање кое ќе треба да разгледува интегрално и јас ве повикувам сите што сте заинтересирани за ова да се издоговориме како да направиме еден нормален функционален систем. Не е ова некоја голема филозофија, сите организирание земји во Европа и светот тоа го имаат решено, го има решени сигуроно и Сингапур и добро е да се даде како пример бидејќи за чистотата мислам дека е навистина одличен пример.

Значи, второто мое укажување е да се изготват добри подзаконски акти и третото беше да се направи прецизна диференцијација на инспектори кои ќе надгледуваат и оние кои ќе казнуваат во соработка со полицијата. Значи тие три аспекти се многу важни кои треба да се расчленат, да се анализираат и да се направат како што треба. Но, Законот за јавна чистота ни треба, според мене е многу добро што го носиме, ќе го доработуваме, ќе гледаме како ќе се спроведува и во од ќе го поправаме бидејќи секое пак многу мудрување и чекање да се направи некој совршен закон носи пак други штети. Ние година за година стануваме се понечисто и понечисто подрачаје и сме доведени во една навистина жална ситуација.

Значи, апсплутно со подршка на законот се вклучувам и јас лично и со колегите од ДОМ ќе помогнеме да работиме на допеглување, да речам, на оваа регулатива и мислам дека сите вие и сите ние заедно ќе бидеме расположени во тоа да учествуваме затоа што сите сме граѓани на оваа земја и сакаме да одиме низ чиста средина.

И само една посеба замолница до Министерство за транспорт и врски, јас апелирам до министерот да вработи лектор за македонски јазик. Законот го добивме во многу лоша јазична состојба, јас се подготвив редица амандмани да дадам, те за "санитарните чворови" кои што се "санитарни јазли", те за "лепење плакети" на ѕидовите како што е "лепење плакати" и редица други работи, меѓутоа дојдов до заклучок дека ќе биде беспредметно да дадам поединечни поправки, мислам дека законот целосно треба лекторски да се испегла и ако е можно пред да оди во крајна објава во Службен весник би замолила тоа да се стори.

И еве еден апел по овој повод и до Владата да вработи повеќе лектори во сите институции на државата за да добиваме поубави, попречистени и појасни текстови на чист македонски јазик. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Навистина не ми е јасно, јас дискусијата на почитуваната колешка би ја поделил во два дела.

Првиот дел и најважен беше дека ќе го подржи таа овој закон, а потоа зборуваше за огромниот број на  недоследности што истиот ги содржи.

И навистина ќе се сложам со нејзе, дека се работи за еден шеговит закон кој што по ниеден основ не треба да биде донесен, без разлика дали ќе се применува само 6 месеци, година и после тоа ќе го менуваме.

Почитувана колешке постојат норми како и за секој закон така и во делот во управувањето со отпад и јавна чистота секаде во светот,а кој што мора, сакале ние или не да се применува и кај нас во Република Македонија.

Постојат шест основни услови, притоа кои што мора да бидат почитувани.

Првата е да имаме политичка волја и легислатива.

Втората е институционална и организациона поставеност, пред се во делот на економските и финансиски институции и инструменти во државата.

Третата е техничка и организациона поставеност.

Петтата е финансови проблеми односно економски проблеми во државата и,

Шеста работа е подигањето на свеста кај граѓаните односно свест на носителите во јавноста. Бидејќи имаме несоодветна комуникација помеѓу носителите на функциите во државата на сите нивоа, едноставно не постои стратегија за да ние бараме и дали можеме да поддржиме еден ваков закон. Тоа е исто кога веднаш после овој наш дебатен сигнал излеземе надвор и некој граѓанин ве праша, Владата рече дека ќе дели бесплатни учебници, јас набавив потврда од центарот за социјални работи и сега јас што да правам со тоа и каде да отидам? Никој не дава учебници. Или, како што спомна господинот Макрадули, имаме факултет во Гевгелија, тргнав сабајлето, тие ме прашуваат каде ќе бидат просториите, е, нема простории за факултетот, а ќе имаме факултет инт. Значи, ние, ве молам, има илјада и една причина зошто овој закон не треба да биде донесен, зошто треба да оди во две фази и зошто ние, а вие рековте лекторски е под секое ниво. Миење на улици, се работи за миење улици? Погледнете го законот. Меѓутоа, сакав дас бидеме достојни на ова ниво што го заслужува овој Парламент и затоа мојата дискусија беше дека треба да се повлече овој закон, сите да бидеме задоволни, а не само поединци кои што мора партиски да го правдаат присуството. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

За да ме разберете, колега, не реков дека е законот шеговит, туку шеговит е вашиот пристап кон законот. За мене законот е многу сериозен и затоа го подржувам, иако тој не е совршен. Тоа го кажав и сосема е логично кога за прв пат една материја се обработувба, не мможе да се направи совршен закон. Има одредени непрецизности, недоречености и на тие укажавме и јас и вие и други колеги. И сето тоа верувам ќе биде земено предвид. Но, многу е важно да се направи конечно една рамка за третманот на јавната чистота.

Инаку, почитуван колега, ако ми дозволите од многу мудрување ние во овие 17 години се закопавме во ѓубре. Подобро е да се верува, отколку да се чека и да се мудрува. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам.

Со оглед на тоа што господинот Николоски Александар не е присутен, го губи правото за збор по претресот.

Господинот Димитроски Ратко не е присутен, го губи правото за збор по претресот.

Има збор господинот Данески Томе, повелете.

**Томе Данески:** Благодарам почитуван претседателе.

Во интерес на времето ќе се обидам накратко да го искажам моето лично размислување во поглед на овој закон со една констатација.

Прво, Искрено ми е големо задоволство и што ми причинува ситуацијата и опозицијата и позицијата со интерес пристапија кон анализата и дебатирањето за овој закон, меѓутоа би дал една констатација.

Законот за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад е донесен во 1998 година и по него сега би требало да работиме. Меѓутоа, тој ист несоодветствува со актуелната комунална инфраструктура. Исто така, не соодветствува со процесот и последиците од спроведување на децентрализацијата на локалните средини. Исто така, во овој закон согласно законот за отпад, најголем дел од неговите членови веќе се променети. Значи, моментално ние како држава не располагаме со соодветно законско решение кое ќе оди во прилог на заштита на здрава и чиста животна средина за граѓаните на Република Македонија. Од тој аспект ја поздравувам иницијативата од Владата на Република Македонија односно од Министерството за транспорт и врски за донесување на едно конкретно законско решение односно за спроведување на Законот за чистота. Сум свесен дека ниту една законска регулатива, ниту еден закон сам по себе не е идеален, така што и овој закон си носи свои недоречености за кои сум убеден дека тековното искуство кое ќе следи ќе влијае на доусовршување на вака предложеното законско решение. Меѓутоа, во секој случај ќе бидеме соочени со едно зголемување од аспект на сериозност и ефективност во поглед на одржување на здравата и чиста средина.

Смемтам дека исказите на колегите од опозицијата сами по себе имаат одредени основи, меѓутоа, генерално се пласирани неосновано и пред се се ставени од позиција на критика, неаргументирајќи што би било подобро, дали соодветното законско решение е подобро или последиците кои ќе не очекуваат со вакво спроведување на закон ќе бидат несоодветни. Сметам дека треба по реализацијата на законските акти, поофицијализација на вака донесениот закон, искуството да ни даде инструменти и насоки што ќе следи натаму за да следи понатаму, нормално ние како законодавен дом умееме да влијаеме во спроведување на овие работи.

Инаку, генерално, овој закон ги дефинира надлежностите на институциите и субјектите задолжени за одржување на јавната чистота. Сопствениците на колективните и индивидуалните домови ќе имаат можност и обврска пред се да ги оддржуваат и да ги чистат срединитe околу дворните површини. Многу негодувања и неусогласени ставови од страна на опозицијата беа посочени во поглед на комуналните редари. Меѓутоа, сите сме свесни дека такви лица и тие лица се неопходни за спроведување и за контрола на вака посочените законски акти. Во поглед на средствата за одржување на јавната чистота сметам дека и вака во сите локални средини сме соочени како граѓани со уплата на тие средства во јавните комунални претпријатија, така што сега тоа е строго наменски и контролирано од страна на локалните самоуправи ќе биде координирано и нормално очекувано економски и оперативно да биде во поглед на ефективно реализирано.

Во сето тоа  во поглед на реализацијата нормално од тука е и инспекцискиот надзор за примена на одредбите од овој закон кој и те како е значаен во поглед на остварување на ментален склоп на нашите сограѓани и на обврските на правните и физичките лица за почитување на овие законски одредби. Прекршочните санкции односнoсно глобата е инструмент, можеби не толку популарен, меѓутоа многу често продуктиве, затоа што ако јас како родител со своето дете стојам на улица и размислувам дали хартијата да ја фрлам на улица или во соодветното место, имајќи предвид која санкција е присутна, самите помлади поколенија ќе гледаат и ше се учат што е тоа менталитет и како се создава култура на заштита на животната средина. Тие нема да размимслуваат дали има глоба, туку ќе знаат што е култура и како да ја заштитуваат својата животна средина. Сметам дека ова се нормални и потребни законски решенија, особено тука посебно ќе го поздравам принципот на посредување и порамнување во физичките и правните лица кој дава одредени олеснувања во поглед на глобата односно исплаќањето на казните, што би значело олеснување и на оние сструктури на граѓани кои не можат во моментот да платат соодветната глоба. Сепак, со соодветно порамнување или посредување да бидат подложни на едуцирање и да бидат приматели на соодветна санкција од непочитување на вака посочените одредби.

Спроведливоста на законот посочена од страна на опозицијата е прашање само за себе за кое што времето сметам дека ќе покаже. Во секој случај се работи за закон добро осмислен за кој ќе дадам поддршка. Насоките во поглед на тоа дека службената облека не треба да ја носи министерот за транспорт и врски односно соодветното ресорно министерство, сметам дека сепак е попрофесионално и поадекватно ние како граѓани во било кој град да знаеме со кои лица односно кои лица се комунални редари со претходно нормално униформирана облека.

Конкретните лоцирани пропусти би било подобро опозицијата да ги форматираше преку амандмани за да можеме поконкретно ние како пратеници да влијаеме во евентуални исправки на вака предложените кадровски решенија, па од тој аспект, јас и преку Комисијата за транспорт и врски и лично имам поднесено неколку амандмани за чиј исход се надевам дека дел од нив ќе бидат прифатени. Сметам дека така и само така ние како законодавен дом ќе имаме можност продуктивно да влијаеме во спроведување на потребите на граѓаните, во спроведување на овие законски нормативи, кои и тоа како ќе значат за осовременување и за создавање на поголема и почиста животна средина за граѓаните. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Со оглед на тоа дека министерот по завршувањето на петнаесетте минути пропаганда ја напушти салата на Собранието и не можеме да дебатираме со него, па без разлика мислам дека е апсолутно непожелно сега овде во овој момент да се натпреваруваме кој повеќе си ја сака својата земја и кој повеќе сака да ја види чиста и кој повеќе се залага околината во која што живееме да биде почиста, а не баре другите не сакаат да биде така. Мислам дека овие тези не држат, затоа што јас сум убедена дека нема пратеник во ова Собрание, а и малкумина се оние надвор од Собранието што сакаат да живеат во земја која што не изгледа добро, мислам добро од хигиенска гледна точка во услови кои што не се добри за живеење и нема граѓанин кој што не сака градот да му изгледа чисто и нема граѓанин или ретки се барем оние што не сакаат јавните површини околу објектот во кој што живеат, па дури и самите делови од јавните објекти да излгедаат нечисто и да не се одржува хигиената во нив.

Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, говориме за нешто сосема различно. Не велиме дека не треба закон за јавна чистота. Никој од овде, од опозицијата, јас не слушнав да каже дека не треба ваков закон, кој што ќе се однесува на одржувањето на јавната чистота. Напротив, ние овде треба да говориме за постапката со која што треба да се донесе законот за тој да биде добар и да може да се имплементира во целост. За жал, носењето на законите во една фаза од секогаш била лоша постапка, која што и за што треба да се залагаат сите пратеници во Парламентот да не ни се случува, освен во исклучителни случаи кои што се дефинирани со членови во Деловникот кога можеме да донесеме закон по итна постапка или закон во една фаза. Апсолутно немаше потреба овој закон да го донесеме вака. Можеше да го гледаме како предлог за донесување на закон, па потоа да имаме на јавна расправа и потоа да седнеме и да дебатираме за законот. Тука е проблемот. Инаку, реков дека нема граѓанин или малкулмина се оние кои не сакаат земјата да им биде чиста и местото каде што тие живеат.

Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, законот како што е вака даден во голема мера е конфузен, недоречен, одредени членови се доведени до апсурд, па затоа и предизвикуваше смеа, затоа што се апсурдни, освен тоа е контрадикторен. Јас никогаш не зборувам без аргументи. Тие се контрадикторни со останатите закони, за што впрочем говореше и колешката пратеничка која што припаѓа од редовите на опозицијата. Тие не се усогласени со останатите законски решенија и како на крај доаѓаат од Министерство кое што можеби и не е најсоодветно да ја третира оваа проблематика, односно од Министерството за транспорт и врски, наместо да стигне од Министерството за животна средина, или можеби пак во заедничка соработка помеѓу двете министерства. Но, еве бидејќи има колеги кои не го прочитале законот да им кажам и конкретно кои решенија се доведени до апсурд. Ќе почнам по ред. Значи, членот 11, и имам забелешки на овој член, каде што вели дека "контролата на одржување на јавната чистота согласно одлуката од член 10 на овој закон ја вршат комуналните редари" и понатаму дефинира дека овие комунални редари треба да имаат најмалку средно образование и понатаму како треба да изгледа нивната облека. Околу тоа дека министерот си презема непотребни надлежности кои само непотребно ќе го оптоваруваат во неговата работа, тоа е неговата креаторска дејност и тој носи одлука како ќе изгледа униформата на овие комунални редари или пак уште поапсурдно е во членот 39, каде што вика "министерот за транспорт и врски го утврдува видот и висината на чинењето на општо корисната работа за секој прекршок подеднакво". Бидејќи доста се говореше и на јавноста веќе и е јасно за што станува зобр, дали министерот за транспорт и врски поодделно и на оној на кого му паднала мастиката или гумата за џвакање од уста и оној кој не пуштил вода во тоалетот ќе одредува колку треба општо корисна работа да изврши. Па, ве молам, ова се чисто социјалистички флоскули од кои што требаше веќе еднаш да се ослободиме. Токму поради тоа, колега, овој закон не е добар.

Исто така, апсурдна е казната од 50 евра која што е поврзана со членот 21. Значи, го цитиравме и не вреди толку многу да се цитира, а тоа е оној член кој што се однесува на јавната чистота во санитарните јазли односно за задолжително пуштање вода, па кој е тој ве молам, почитувани колеги, кој што ќе води контрола, тоа се овие комунални редари за тоа кој пуштил вода или кој не. Па, мислам дека апсолутно е несериозно ова. Но и ова е помал проблем и треба да говориме отворено. Овој закон го носиме само за да го донесеме, од популистички побуди да кажеме дека еве ние се грижиме за чистотата. Јас сум убедена, а не сакам да биде така дека и овој закон, како и многу други нема да профункционира. Онака како што не функционира ниту законот за одржување на јавниот ред и мир, па немојте, почитувани колеги да кажете по цели ноќи по улиците на Скопје, Прилеп, Битола итн., се слуша музика. По цели ноќи луѓето се вознемирувани и не можат да се одморат спокојно во своите домови и нека каже некој кој до сега бил казнет. Апсолутно никој. Јас ќе побарам пратеничко прашање да видиме кој бил до сега казнет да одговара за нарушување на јавниот ред и мир. Никој. Ќе ви одговорам веднаш. А имаме таков закон и тогаш велевме дека казните се превисоки, дека се драконски и дека нема да заживее тој закон. Токму и за тоа сега укажуваме, не дека не сакаме ваков закон, сакаме почитувани колеги, немојте

да мислите дека ние не сакаме да ни биде чиста земјата и дека не си ја сакаме нашата околина и местото каде што живееме или пак ние сме навикнати да живееме во отпад. Не, и ние знаеме што е тоа хигиена, но сакаме закон кој што ќе биде функционален. И, знаете, почитувани колеги, ако не седнеме, ако не дебатираме, немало амандмани, па како нема амандмани. Колега, прочитајте дека има амандмани, но за жал многу пати амандманите многу лесно се отфрлаат, затоа што само министерот нема да се согласи да го прифати одреден амандман. За тоа говориме, да донесеме добар закон кој што ќе биде применлив. И, ако кажав дека нема да заживее, воедно сум убедена дека ќе заживее само во два сегменти и тоа ќе заживее членот 11 каде што многу брзо пред локалните избори и во функција на локалните избори ќе бидат вработени голем број во локалната самоуправа партиски кадри кои што ќе шетаат по улиците во униформи скроени и обмислени од министерот и ќе ги гонат другите кои што некои оправдано и направиле прекршок по овој закон, а на некој им се присторило дека направиле прекршок по овој закон, затоа што одредени одредби не се докажливи, но не можам сега во рок од 10 минути да ги цитирам сите тие членови.

Значи, сигурно е дека тој дел ќе заживее, ќе се вработат луѓето со најмалку средно образование во функција на локалните избори, ќе шетаат по улиците и ќе ги гонат неистомислениците за наводно направен прекршок по овој член. Во тоа сум убедена, а исто така сум убедена дека ќе профункционира членот 24 и членот 25 каде што се наметнуваат нови давачки на граѓаните.

Ве молам, пратениците од парламентарното мнозинство и Министерството за транспорт и врски да се усогласат. Министерот вели нема нови давачки, додека еден пратеник од парламентарното мнозинство кажа да, има давачки но тие ќе бидат контролирани. Всушност, ги упатувам граѓаните да го погледаат членот 24 и членот 25 од овој закон, тие се писмени, знаат да го ценат тоа и да видат дали ќе имаат или нема да имаат нови давачки.

И да не го погледаат членот 24 и членот 25 од законот многу брзо ќе им стигнат сметките дома и тогаш ќе видат дека има нови комунални давачки со кои што треба да се плаќаат шетачите и оние кои што треба да ги гонат шетачите на улица и оние кои што нема да пуштаат вода во тоалетите.

Токму поради ова и начинот на кој го носите нема да дадам подршка на овој закон, инаку да сметам дека еден ваков закон и е потребен на Република Македонија и како што кажа некој од колегите треба да имаме ваков закон, бидејќи долго време овој закон ни недостасуваше. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека господинот Амди Бајрам не е присутен го губи правото за збор по претресот.

Бидејќи е исрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

"Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за јавна чистота".

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници. Сите 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите гипребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 67 пратеници, гласањето е полноважно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници. Сите 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот, со оглед на тоа дека во салата се присутни 67 пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 12 за додавање 3 нови ставови, за додавање нов член 29-а по членот 29, член 37 за додавање нов став 2, член 39 став 4 и на член 39 став 6.

Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 8 став 2, член 14 за пренумерација на алинеите 18, 19 и 21, член 30 став 3 и на член 40 став 10 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томе Даневски поднесе амандмани на член 30 за менување на став 5, член 39 став 1 и на член 40 став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

**Недим Рамизи:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за пренумерација на алинеите 18, 19 и 21 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавено за збор констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници. За гласаше 1, воздржан 1 и против 56,

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 67 пратеници).

Констатирам дека е полноважно гласањето.

Исто така констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 за пренумерација на алинеите 18, 19 и 21 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

**Недим Рамизи:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за менување на став 5 поднесен од пратеникот Томе Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа .

Процедурално бара збор пратеникот Томе Даневски.

**Томе Даневски:** Го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Предлагачот го повлекува амандманот.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1 поднесен од пратеникот Томе Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

**Недим Рамизи:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дле на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1 поднесен од пратеникот Томе Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа .

Предлагачот на амандманот бара збор, повелете.

**Томе Даневски:** Благодарам претседател,

Го повлекувам и овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Констатирам дека од страна на предлагачот амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 10 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

**Недим Рамизи:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа . Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот на текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 62 пратеника, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за јавна чистота.

**Минуваме на точката 27 - Предлог на програма за формирање на стоковните резерви за периодот 2008-2010 година.**

Предлогот на програмата и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на програмата да се пријават за збор.

За збор се пријави заменик министерот за финансии.

Повелете господине заменик министер.

**Недим Рамизи:** Почитувани пратеници,

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија и согласно Законот за стокови резерви Собранието на Република Македонија ја донесува на предлог на Владата на Република Македонија среднорочната програма за формирање на стоковните резерви.

Предложената програма се однесува за периодот од 2008 до 2010 година и истата треба да овозможи зголемување на постојните количини на стоки опфатени со Законот за стоковни резерви до ниво кое ќе обезбеди покриеност на потрошувачката и тоа за пченица за 90 дена, пченка за 60 дена, јачмен за 60 дена, готварска сол за 45 дена, масло за јадење за 45 дена и нафтени деривати просечно за 50 дена.

Согласно усвоениот концепт на менаџирање со стоковните резерви Собранието на Република Македонија ги усвои новите закони и тоа Законот за стоковни резерви и Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати објавени во Службен весник на Република Македонија број 84 од 2008 година.

Новиот концепт предвидува создавање на нова дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати која треба да овозможи високо ниво на сигурност на понудата на нафта и нафтени деривати и да овозможи стабилност во обезбедувањето на пазарот преку транспарентни механизми кои се во согласност со начелата на внатрешниот пазар и конкуренција, како и директивите на Европската заедница.

По стапување на сила на овие закони, а согласно горенаведеното соодветно ќе се предложи имплементација на измени на оваа среднорочна програма. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на програмата е завршен.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник. Од нив за Предлогот на програмата гласале сите 71 пратеник, од гласањето не се воздржа никој,против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за формирање на стоковните резерви за периодот 2008-2010 година.

**Минуваме на точката 28 - Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.**

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 година и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратеници кои сакаат да говорат по општиот претрес да се пријават за збор.

За збор се јави заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 изготвена согласно член 52 од Законот за буџетите "Службен весник на Република Македонија" број 64/2005 ја регистрира фактичката состојба на Буџетот, односно реализацијата на приходите и расходите и степенот на реализацијата на активностите и мерките во изминатата буџетска година. Истата се изготвува восогласнсот со ГФС класификацијата за утврдување на буџетскиот дефицит и класификацијата на приходите и класификацијата на расходите. Ваквото презентирање на реализацијата во Извештајот кон завршната сметка за 2006 година е меѓународно прифатена пракса која овозможува пореална слика за фактичките остварувања.

Во 2006 година се очекуваше остварување на реален раст на бруто домашниот производ од 4%, а како носител на растот беше планирано индустриското производство со динамика и проектиран раст од околу 5% во услови на ценовната стабилност во економијата, односно планираната просечна стапка на инфлација од 2%. Позначајните инфлаторни притисоци се очекуваат да бидат сконцентрирани во енергетскиот сектор како резултат на очекуваното зголемување на цената на енергенсите.

За одржувањето на ценовата стабилност соодветен придонес имаше и координираноста меѓу фискалната и монетарната политика при што буџетската политика се планираше да продолжи со политиката на билансираната буџетска потрошувачка изразена преку дефицит на централниот буџет од 0,6% од бруто домашниот производ во 2006 година.

Политиката на рационално трошење на буџетските средства како карактеристика на буџетската политика за 2006 година имаше за цел постигнување на фискалната одржливост на среден рок.

Економските остварувања во Република Македонија во 2006 година беа одлични. Имено планираниот раст од 4 % од БДП беше остварен, при што како главен двигател на растот беа услугите, додека индустриското производство забележа раст под планираниот, 2,7 %. Потфрлувањето на индустриското производство воглавно се должи на нултниот раст на прехранбената индустрија како и негативниот раст на текстилната индустрија. Во 2006 година силен раст, повисок од очекуваниот забележа секторот за телекомуникации, финансискиот сектор и трговијата.

Особено позитивни движења беа забележанио во надворешниот сектор каде растот на извозот

изнесуваше 20% , додека дефицитот на тековната сметка изнесуваше само 0,6% БДП. Странските директни инвестиции во 2006 година изнесуваа 360 милиони евра, при што на голема инвестиција беше приватизацијата на ЕСМ во оснос од околу 200 милиони евра.

Позититвниот економски резултат беше остварен во услови на ниска и стабилна инфлација од 3,2%, што претставува повисоко ниво од само 1,2 процентни поени во однос на планираното.

Почитувани претседателе, почитувани праетници

Фискалната политка за 2006 година се оствари во рамки на реализираните вкупни приходи на Буџетот на Република Македонија во износ од 105.744 милиони денари. Остварувањето на приходите и расходите во наведените износи резултираШе со дефицит на Буџетот на Република Македонија за 2006 година во износ од 1.700 милиони денари во однос на првично планираниот дефицит во оснос до 2.436 милиони денари.

Вака остварениот дефицит во себе го вклучуваше дефицитот на централниот буџет кој изнесуваше 522 милиони денари и дефицитите на Фондот за магистрални и регионални патишта (550 милиони денари) Фондот за здравствено осигурување (612 милиони денари), Агенцијата за вработување (250 милиони денари), како и суфицит на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (262 милиони денари).

Изворните приходи на Централниот буџет (вклучувајќи го основниот буџет и буџетите од сопствените активности, донации и заеми на буџетските корисници) беа остварени во висина од 70.357 милиони денари односно 93,5% од планираните.

Во структурата на остварените изворни даночни приходи во 2006 година , најголемо е учеството на приходите по основ на данокот на додадена вредност 46,1%, приходите по основ на акцизи 19,5% и персоналниот данок од доход со 14,2%, додека остатокот од приходите се реализирани по основ на царини и други увозни давачки 9,2%, данокот на добивка со 8% и сите остананти приходи со 3%.

Неданочните приходи во 2006 година се оствarija во оснос од 8.446 милиони денари, што претставува 62,9% во однос на планираните. Отстапувањето на реализацијата кај неданочните приходи се должи воглавно на послабата реализација на посебните сметки на буџетските корисници, како резулатат на потенцијалната можност за нивно нереално (високо) проценување од страна на буџетските корисници, како и на нереализираната дивидендата од Македонски телекомуникации А.Д. која беше планирана во оснос од 2.500 милиони денари.

Во структурата на неоданочените приходи доминираат неданочните приходи остварени по основ на приходи од парични казни, судски и административни такси во износ од 1.493 милиониденари.

Приливо т на средства во централниот биџет по основ на капитални приходи се оствари во озноѕ од 948 милиони денари, односно за 35% повеќе во однос на иницијално проектираниот во износ 700 милиони денари. Во структурата на капиталните приходи доминантно учества имаат приходите од продажба на општестевните станови реализирани во износ од 318 милиониденари и приходи од продажба на земјиште и нематеријалните вложувања кои учествуваат со 66,5% или 630 милиони денари.

Вкупните расходи на Централниот буџет за 2006 година беа остварени во висина од 70.879 милиони денари односно 93% од палнираните, износ во кој се вклучени и расходите кои буџетските корисници ги финансираат од сопствени приходи.

Во рамките на вкупните буџетски расходи, тековните расходи се остварија во износ од 62.876 милиони денари , односно реалозација од 96%. Во структурата на тековните расходи највисоко е учеството на тековните трансфери со 40%, расходите за плати, наемнини и надоместоци учествуваат со 36,4%, 18,2% се однесуваат на расходите на стоки и услуги, а 4,5% се однесуваат на каматните плаќања.

За плати, наемнини и надиместоци беа исплатени вкупно 22.894 милиони денари,односно 98,5% од планираниот износ. Овие расходи во себе го вклучуваат ефектот од завршниот процес на декокпресија на платите на државните службеници, ефектот од усогласувањето на платитена вработените во основното и средноотоо образование, социјалната и детската заштита и дејносите од културата, како и вработувањата по основ на првичната застапеност на припадниците н а етничКите заедници.

Расходите за стоки и услуги се реализира во износ од 11.460 милиони денари што претставува 89,8% реализација во однос на планираните. Во рамки на овие расходи вклучени беа и средствата наменети за навремено и целосно спроведување на парламентарни избори (во износ од 131,7 милиони денари), како значителни износи се наменија за исплата на доспеаните неизмерни обврски по основ на комуналнии договорни услуги.

Тековните трансфери на централниот буџет се остварија во износ од 23. 573 милони денари или 98,4% на планираните.

Социјалната димензија на централниот буџет овозможи исплата на законските обврски на државата во обласма на пемзиското осигурување и социјалната заштита, а се реализираше преку трансферите од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во оснос од 8.900 милиони денари, трансферите на невработените од Заводот за вработување во вкупен оснос од 4.104 милиони денари (во кои евклучен и ефектот на реализација на програмата за поттикнување на нови вработувања во износ од 65,6 милиони денари(, трансферите за надоместоци по основ

на права од социјалната заштита се реализира во висина од 2.871 милиониденари, за осплата на детскиот додаток се издвојиа 460 милиони денари, а за бегалците се потрошени 82 милиони денари.

Во рамките на тековните трансфери опфатени беа и средствата за спроведување ба приоцесот на децентрализација, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, при што во 2006 година се реализираа во оznос од 2.076 милони денари, наменети за спроведување на децентрализацијата на власта во областа на образованието, социјалната и детската заштита, дејностите од областа на културата, областа на територијалната против пожарна заштита, како и трансферот на ЕЛС по основ на дотации од ДДВ.

Капиталните расходи се реализираа на ниво од 8.003 милиони денари, односно 74,8 во однос на планираните, при што треба да се истакне дека ваквиот степен бна реализација на капиталните расходи произлегува од послабата реализација на капиталните расходи финансирани од сопствените приходи, односно кредити и донации на буџетските корисници.

Во рамките на остварените капитални расходи, покрај зголемените плаќања на данокот на ДДВ за капитални проекти финансирани од странски донации, вклучена е и активираната гаранција од Буџетот на Република Македонија за АД ЕЛЕМ кон Кинеската банка за хидроцентралата Козјак како резулат на нередовното сервисирање на обврските по основ на заем.

При тоа позначајни реализирани капитални инвестиции за 2006 година се:

Трансферот до Фондот за магистрални и регионални патишта за изградба реконструкции на магистрални и регионални патишта кој изнесуваше 1,350 милиони денари.

Издвоени средства за стоковните резерви од Основниот буџет изнесуваше 313 милиони денари.

Реализирљаните средства во висина од 32 милиони денари за изградба, реконструкција и опремување на казнено поправните домови, со цел за подобрување на условите на осудените лица.

Инвестиции намененти за купување на деловен простор и опрема за Мисијата на Република Македонија при европските заедници во Брисел во износ од 18 милиони денари.

Учество на државата за одржувае на железничкта инфраструктура од 141 милиони денари, со цел сигурно и безбедно одвивање на железничкиот сообраќај и транспорт.

Во областа на водостопанството беше продолжено со реализација на значајни акпитални проекти, меѓу кои: Хирдосистемот Златовица (119 милиони денари), Хидрисистемот Лисиче (166 милиони деанри), Проектот за наводнување на јужниот регион на реката Вардар (45 милиони денари).

Во дејноста образование извршена е планираната изградба и реконструкција на основните и средните училишта во функција на обезбедување на квалитетно и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес за коа се наменија инвестиции во оznос од 269 милиони денари.

За развој на стопанско надоволно развиените подрачја се издвоија средства во износ од 182 милиони денари.

Реализација на приходите и расходите на Централниот буџет во наведените износи резултираШе со дефицит во висина од 522 милиони денари во однос на првично планираниот дефицит во износ од 1.008 милиони денари.

Вака остварениот дефицит се должи на отстапувањата:

На приходната страна, кои произлегуваат од пониско остварената наплата на неданочните приходи, доминантно заради отстапувањата во реализација кај неданочните приходи воглавно на посебни сметки на буџетските корисници, како и од нереализираната дивиденда од Македонскителекомуникации А.Д. која беше планирана во износ од 2.500 милиони денари.

На расходната страна , дефицитот произлегува од нискиот степен на реализација на капиталните расходи финансирани од сопствените приходи на буџетски корисници.

Финансирањето на буџетскиот дефицит и редовното сервисирање на обврските се реализираше воглавно од домашни извори и тоа по основ на приватизација од извршената продажба на ЕСМ и емисија на државни хартии од вредност. Тука ќе потенцирамдека составен дел на завршната сметка за 2006 се и завршните сметки на општините, како и извештаите на Државниот завод за ревизија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е ицрпена листат на пријавени за збор констатирам дека општиот претрес по Предлогот на завршната сметка е завршен.

Отварам претрес по текстот на завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандани за бришење на преамбулата пред општиот дел и челновите 1 и 3 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2006 година, да се пријават за збор.

Бидејќи нема приајвени за збор, констатирам дека претресот текстот на Предлогот на завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2006 година е завршен.

Предлогот на  завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2006 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно  гласаа 68 пратеници, за гласаа 68 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница.

(Седницата прекина со работа во 17,13 часот)